## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Осмото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 мај 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Цветанка Гашоска, Славе Арсовски, Јордан Михајловски, Ванчо Ѓорѓиев, Ана Андова, Славица Станковска, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Љубчо Ѓеорѓиевски, Али Ахмети и Ганка Самоиловска - Цветанова, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со расправа по **Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија.**

Има збор пратеникот Весна Борозан.

**Весна Борозан:** Благодарам господине претседателе, колеги пратеници,

Моето излагање денеска ќе се состои од три дела.

Во првиот дел сакам да дадам оценка на Предлог одлуката за распишување на референдум од група на пратеници, да го дадам своето мислење во врска со таа Предлог-одлука.

Вториот дел ќе го посветам на прегледот на реформските активности кои што во изминативе 2,5 години се спроведени во Секторот Електроенергетика. Веројатно со овој втор дел ќе го надминат времетраењето од 10 минути кое што го сметам за пристоен временски термин за дискусија. Меѓутоа, ќе ја искористам денешнава прилика да зборувам за оваа тема за реформските активности без прекинување, или исклучување. Сметам дека ова прашање е многу важно, затоа што реформата која е спроведена се однесува на преобразбата на претпријатието АД Електростопанство на Македонија и преобразбата не вклучува само приватизација, туку исто така се однесува и на преструктуирање на самото претпријатие и на целиот електроенергетски тек. Овој дел го сметам за посебно важен, затоа што сакам да потенцирам, сакам да нагласам дека фразата која многу често се користи, приватизација на ЕСМ. Сакам да нагласам дека оваа фраза не значеше исто во 2002 година и денеска во 2005 година. Денеска ЕСМ е сосема ново претпријатие и поставено да функционира, да работи во потполно нова законска околина. Законската околина во која што ќе функционира претпријатието е потполно во согласност со Европските барања, со Европските директиви и овозможува функционирање на претпријатието во пазарни услови, а не како монопол, не во оние услови како што беше продаден Телекомот и тука е битната разлика помеѓу овие две приватизации.

Во третиот дел од мојот денешен збор ќе се обидам да коментирам некои прашања кои што беа поставени тука и да дадам свое мислење по тие прашања. Тоа го сметам за важно заради информирање на јавноста, затоа што по народната: сто пати изречена лага, станува вистина. Многу работи се пласираат кои што воопшто не држат место.

Имено, според Законот за трговски друштва на Република Македонија АД ЕСМ е акционерско друштво во 100% државна сопственост и тоа значи дека собир на акционери на ова друштво е Владата на Република Македонија. Владата од ваква своја позиција управува со претпријатието, може да врши негова трансформација и може да врши оттуѓување на акциите кои што се во моментов 100% во државна сопственост. Законот, посебниот закон за преобразба на АД ЕСМ кој што го донесовме минатата година во ова Собрание беше подготвен пред се со цел да допринесе на транспарентноста на целата постапка на преобразба нагласувам повторно преструктуирање и приватизација на делови од претпријатието и да донесе два нови моменти кои што според Законот за трговски друштва не беа дозволени на Владата да донесува самостојно одлуки по тие две прашања.

Првата одредба која што ја донесува овој закон тоа е можноста Владата да отуѓи малцински пакет акции од делови од АД Електростопанство на Македонија на меѓународни финансиски институции со непосредна спогодба. Што значи, со потпишувањето на Договорот за претприватизација со Европската банка за обнова и развој фактички овој дел од Законот кој што го донесовме минатата година е веќе извршен и приватизацијата на АД Електростопанство на Македонија веќе е почнато со продавање на малцински пакет акции.

Другата одредба која што ја донесе овој закон и која што не беше во согласност со Законот за трговски друштва беше можноста која што и се даде на Владата да одлучи, да додели бесплатно, или по повластени услови акции за вработените во АД ЕСМ и тоа е внесено во Законот, посебниот закон за преобразба на ЕСМ. Фактички референдумското прашање онака како што е поставено од ваша страна ќе им овозможи на граѓаните да гласаат за укинување на овој закон, и фактички да го укинат правото на склучување на договор со ЕБОР кој што е веќе договор склучен и се спроведува и да го укине правото на Владата да додели повластени акции на вработените. Правото на Владата да продолжи со приватизацијата на АД ЕСМ останува во согласност со законот за трговски друштва. Значи, оттука, следува логичен заклучок, што е целта на вашето референдумско прашање, да ги укине овие повластени услови и да го успори процесот на приватизација, бидејќи нормално логично

следи моралната обврска на Владата додека се одлучува за такво важно прашање на ниво на референдум секако дека ќе ги запре активностите околу приватизацијата. И евентуално ќе ја одложи приватизацијата која што останува законско право на Владата за некоја друга Влада. Дали е тоа целта на Вашето референдумско прашање, дали е тоа целта на иницијативата која што ја потегнувате. Ако во образложението по Предлог-одлуката за распишување на референдум нагласувате дека Владата ја води постапката на понетранспарентен начин и во една брза постапка. За тоа дека постапката не е брза, со тоа мислам дека веќе сите се согласуваме. Постапката за приватизација на АД ЕСМ започна во 2000 година кога ова тогашно јавно претпријатие од страна на тогашната Влада беше трансформирано во Акционерско друштво и околу тоа прашање имаше и расправа и во Уставниот суд. Како и да е, во 2001 година тогашната Влада донесува одлука за приватизација и го најмува консултантот Мајнел банк да ја советува во врска со таа приватизација и договорот со оваа консултантска куќа беше направен на година дена. Што значи во 2002 година кога беше именувана нова Влада доколку сакаше да го приватизира ЕСМ на нетранспарентен начин во брза процедура ќе го направеше и без практичен отпор на опозицијата, бидејќи во тоа време опозиција практично и немаше, дури ни во Собранието. Ги имаше сите законски основи и секаква морална основа да си продолжи по одлуката на Владата од 2001 и да ја заврши приватизацијата онака како што беше договорено со Мајнел Банк конзорциумот некаде претпоставувам дека тоа беше, постапката беше предвидена да трае до летото 2003 година. Наместо тоа следејќи ги основите кои што беа поставени во изборната програма на СДСМ и коалицијата За Македонија заедно, Владата одлучи да ја замрзне постапката, беше пролонгиран договорот со консултантот Мајнел Банк, беше проширена комисијата за преобразба на ЕСМ формирана од претходната Влада. Таа Комисија денеска брои мислам околу 27 луѓе од сите релевантни институции и одлучи да ја заврши таа постапка, меѓутоа на еден подруг начин, во согласност со определбите во предизборната програма. А тоа беше да изврши најпрво преобразба, трансформација на претпријатието во согласност со барањата на европските директиви и дури потоа следејќи ги потребите од комерцијализација на ова претпријатие кое што е јасно барање исто така на европските определби да изврши приватизација на делови од тоа претпријатие. Постапката некако симболично започна со потпишување на првиот Атински меморандум кој што многу често се експлоатира тука. Мислам дека грото од луѓето не го прочитале и незнаат што содржи. Атинскиот меморандум беше потпишан на 15 ноември во 2002 година и претпоставуваше само политичка обврска на Владите на земјите од регионот на Југоисточна Европа да ги усогласат енергетските сектори во согласност со барањата на Европските директиви. Македонија во тоа време беше последна во исполнувањето на овие барања споредено со земјите од регионот. Денеска можам да кажам, бидејќи го следам детално тој процес, Македонија е една од лидерите во овој продес и како признание на вложениот труд, на постигнатите резултати Европската комисија одлучи да го оддржи состанокот на форумот на Атинскиот процес, таканаречен Атински форум оваа година во периодот од 6 до 10 јуни во Скопје. Да напоменам само за да ја истакнам важноста на оваа постапка. Имено, Атинскиот форум се состанува два пати годишно, секогаш во Атина, досега еднаш се одржал во Рим и еднаш во Софија. Ова е трет пат да се алоцира од седиштето во Атина. Се надевам дека во периодот на таа недела која што се нарекува недела на енергетиката ќе имаме можност да чуеме што всушност се случува во регионот во рамките на тој Атински процес. Круна на овој процес треба да биде потпишувањето на договорот за енергетска заедница и тоа е првиот меѓународен договор од ваков тип кој што Република Македонија го потпишува со ЕЗ. Де факто со овој договор Македонија и останатите земји од регионот се согласуваат потполно да се усогласат со Европските директиви и стануваат дел од внатрешниот енергетски пазар на Европа. Фактички енергетиката притоа прецизно се мисли на тргувањето со електрична енергија и природен гас е првиот сектор во кој што земјите од регионот ќе станат потполно рамноправни како и членките на ЕУ. Во рамките на овој процес и во рамките на определбата на Владата да изврши реформи во Секторот направени се повеќе активности. Јас нема да должам, затоа што мислам дека за нив веќе доста сме зборувале тука во ова Собрание, затоа што и Собранието беше дел од тие реформи. Многу од тие активности требаше да се донесат тука во Собранието и веќе сме дискутирале.

Само да напоменам веднаш во декември 2002 година одобрен е законот за основање на регулаторна комисија за енергетика една од основите за да функционира пазар на електрична енергија и воопшто на енергија, затоа што оваа комисија ги има ингеренциите и во сите други области од енергетиката. Оваа Комисија е конституирана во летото 2003 година. Ние тука во Собранието ги избравме комисионерите, петмина комисионери. Тие понатаму имаа задача и основаа институција со повеќе од 15 вработени, која што денеска функционира со полна пареа. Еден од првите акти кој што го донесе оваа Комисија е методологијата за формирањето на цените во енергетиката, или скратено тарифна методологија која што во својот збор некои од пратениците многу често погрешно ја нарекуваат тарифен систем. Тарифен систем е нешто сосема друго и тоа постои, тоа е начинот како се распределуваат средствата по одделни класи на потрошувачи. Тарифен систем во Македонија постои моментално. Тарифната методологија за распределба на трошоците по деловите од целиот циклус на снабдување со

електрична енергија, тоа се производство, пренос и дистрибуција се донесе прв пат во Македонија на 31 декември 2004 година како резултат на функционирањето и работата на регулаторната комисија за енергетика.

Понатаму, следен важен акт кој што беше донесен од Владата беше моделот за престуктуирање на АД ЕСМ. Во рамките на оваа определба беше изработен и Законот за преобразба на АД ЕСМ кој што е предмет на нашава денешна дискусија и донесен во Собранието. Веќе зборував за овој закон и веќе кажав која беше смислата на неговото донесување. Меѓу другото Законот одреди дека од старото АД ЕСМ ќе се издвои независен оператор на електроенергетскиот систем на Македонија денеска веќе добро познатото претпријатие МЕПСО кое што за информација на граѓаните не претставува само пренос на електрична енергија како што обично се толкува. Имено, денеска еден новинар ми се обрати со прашање во врска со МЕПСО и тоа ми даде идеја дека можеби улогата и функцијата на МЕПСО во електроенергетскиот систем треба подробно да се објасни, затоа што многу не ја разбираат. Имено, претпријатието МЕПСО не значи само пренос на електрична енергија, тоа има многу поважна улога, а тоа е да управува со електроенергетскиот систем. Што значи, МЕПСО склучува договори со производителот на електрична енергија, за количините на произведена и испорачана електрична енергија. Меѓујтоа, МЕПСО го задржува своето право да дава распоред на вклучување и исклучување на единиците во погон. Според тоа, ниеден сопственик на производството, термоелектрани и хидроелектрани во Република Македонија не смее да ја вклучи во погон електраната и да ја исклучи без наредба на диспечерскиот центар кој што припаѓа на МЕПСО. Оттаму, се смешни и неосновани стравувањата на некои експерти дека ако хидроелектраните се приватизираат ќе може приватниот сопственик да ја истече целата вода од акумулациите без да праша никого. Мислам тоа е смешно и апсурдно.

Третата функција на МЕПСО, односно третото одделение на МЕПСО ќе се вика оператор на пазарот на електрична енергија и во ова одделение ќе бидат пријавувани сите договори за купопродажба на електрична енергија на територијата на Република Македонија како и транзитите на електрична енергија помеѓу соседните земји.

Четвртиот дел од МЕПСО се вика снабдувач на тарифни потрошувачи на големо. И овој дел фактички од МЕПСО ќе се грижи за сите финансиски договори и сигурно снабдување на потрошувачите кои што нема да се квалификуваат слободно да се снабдуваат со енергија од отворениот пазар. Во прво време во Македонија тоа ќе бидат речиси сите потрошувачи освен големите индустриски капацитети кои што се директно поврзани на мрежата. А оваа функција е изразито важна повторно од аспект на зачувување на интересот на потрошувачите.

Имено, законската рамка определува дека целата произведена електрична енергија во Македонија , сопственикот без разлика дали тоа ќе биде државата или ќе биде приватен сопственик, е должен да ја испорача да ја продаде МЕПСО, а МЕПСО е должно да ја согледа разликата помеѓу побарувањата на тарифните потрошувачи, на конзумот што е должен да го снабди и можностите за производство во Македонија и разликата, за жал во Македонија тука се работи за разлика затоа што во моментот во Македонија се увезува околу 25% од потребната енергија, за жал, немаме вишок кој можеме да го извезуваме и овој недостаток на енергија да го снабди од некаде. Некаде, тоа е најчесто во странство. Сведоци сме овие денови на дискусии за распишан тендер со кој се набавува електрична енергија. Во моментот тоа е Бугарија, Република Србска и други извори кои имаат вишок на енергија.

Она што е алармантно во овој правец е дека Бугарија уште за кратко време ќе има вишок на енергија која може да ја понуди на пазарот, додека не се укине нуклеарната електрана Козлодуј. Што значи, целата произведена електрична енергија од термоелектраните, од хидроелектраните во Македонија, нема да излезе од Македонија односно со Закон е утврдено дека мора да биде продадена на МЕПСО, а МЕПСО ја продава на тарифните потрошувачи во земјата, по строго утврдени цени според тарифната методологија која ја спомнав и кое подразбира дека цената ќе се формира на следниот начин: Во производството, за секоја електрана посебно, во Македонија. Значи термоелектраната “Битола” има друга цена на производство, “Осломеј” има друга цена, хидроелектраните имаат друга цена. Сите знаеме дека таа цена е прилично ниска. Меѓутоа, одкако се утврдат вистинските трошоци за производство со методологијата на сопственикот на тие производни капацитети, се дозволува само мал екстра профит кој треба да служи за обновување на претпријатието итн. Мислам дека тој профит е некаде до 10%, не сум сигурна и мислам дека процентот на профит е различен за производство, пренос и дистрибуција. На истиот начин ќе се утврдуваат трошоците на МЕПСО, за преносот и управување со системот. На истиот начин ќе се утврдуваат трошоците на дистрибутивната компанија.

Целта на вака утврдениот модел е да се конзервира, на еден начин, сегашното Електростопанство на Македонија, да се стави под строго регулирана рамка, со строго регулиран профит и да овозможи простор за либерализиран пазар на енергија. Фактички да оствари простор за инвестиции во електраните што ги спомнувавте. Тоа е електраната со комбиниран циклус, производство на електрична енергија и топлина, во Скопје, која често се споменува тука. Исто така електрани од типот на “Бошков Мост” и други инвестиции кои ќе најдат свое место во овој либерализиран, отворен дел од пазарот, во

форма на т.н. независни производители на електрична енергија. Фактички цената на произведената електрична енергија од сегашните капацитети, ќе биде конзервирана, додека цената на овие идни инвестиции ќе остане слободна и тие ќе можат да си конкурираат меѓу себе. Зошто е тоа потребно? Тоа е потребно, вие прашувавте зошто до сега не е изградена електраната-топлана, "Тетово" како што е нарекуваат, или зошто не е изграден "Бошков Мост". Не се изградени затоа што не е најден приватен инвеститор. Тие објекти не можат да бидат државни објекти. Тие објекти треба да се изградат на комерцијална основа, од приватни инвеститори, дали домашни или странски. Ни еден приватен инвеститор не сака да влезе во компетиција, во конкуренција со државата. Затоа овој дел од секторот мора да биде издвоен од регулираниот дел од секторот кој во моментот е државен, затоа што цените на ново изградените објекти, цената на производство од овие нови објекти е далеку, далеку поголема од сегашната цена на производство на електрична енергија. Тука неможе да постои споредба.

Сето ова што го зборувам.ќе биде конечно заокружено со измените на законот за енергетика за кој вчера не извести колегата Спиро Мавровски, дека како законски предлог е пристигнат во Собранието и се надевам дека ќе имаме можност да дискутираме за ова законско решение, во скора иднина. Меѓутоа, тврдам дека ова решение е потполно во интерес на граѓаните, на потрошувачите во Република Македонија, а спротивно на нечие тежнение, ЕСМ да се продаде во што повисока цена, бидејќи поставувањето на денешново ЕСМ, во вакви строги регулаторни рамки и намалувањето односно директното лимитирање на можниот профит од ова претпријатие, директно влијае и на можната продажна цена на претпријатието. Меѓутоа не е целта на Владата, барем јас така ја разбирам да го приватизира ЕСМ со што повисока цена. Целта е да се обезбеди еден ефикасен електроенергетски систем и сигурно снабдување на граѓаните што во овој момент е критично. Повеќето од вас добро го разбираат проблемот со снабдувањето со електрична енергија во Македонија. Имено, 80% од производството на електрична енергија доаѓа од РЕК Битола, чиј сегашен рудник има капацитет уште за наредните шест, максиму седум години и итно треба да се отпочне инвестиција за тој рудник. Зошто тоа е почнато а не се завршува? Од проста причина што и за овој дел се потребни огромни инвестиции. За жал, инвестициите во рудникот Битола не може да дојдат од банките за развој, како што е Светската банка, ЕБОРД и слични банки, под поволни услови, затоа што овој рудник не ги задоволува потребните еколошки критериуми и стандарди на ЕУ. Според тоа, рудникот може да се отвори само со користење на комерцијални кредити, или со директна инвестиција на странски вложувач, кој има вишок на капитал и сака да инвестира, тој кој има свои средства и сака да ги инвестира некаде. Тоа е една од основните логики зошто е потребна приватизација на ЕСМ.

Зборувавме тука многу често за вработените и во каква позиција ќе се најдат тие од евентуалната приватизација.

Сакам да укажам, зборувајќи во моментот за РЕК Битола и за Суво Дол и идниот рудник Брод Неотино. Сакам да укажам она што вработените таму многу добро го знаат. Имено, ако не се отвори овој рудник, не само што Македонија ќе остане без електрична енергија, затоа што преносните капацитети на водовите не се доволни таа енергија да се донесе од увоз, ниту пак во регионот има толку вишок на произведен електрична енергија, туку и затоа што постоечкиот рудник ќе се затвори. Ако се затвори постоечкиот рудник, тогаш вработените не само од рудникот, туку и од целата електрана, ќе бидат отпуштени. Според тоа, значи дека вистинската закана за отпуштање и губењето на работните места во ЕСМ, не доаѓа од приватизацијата, туку доаѓа од опасноста да не се најдат инвестиции за инвестирање во рудиникот Брод Неотино.

Оние закани и заплашувања на вработените дека ќе бидат предмет на отпуштање, со идната приватизација, мислам дека не држат, во такви размери како што се претставуваат, затоа што е нормално, со секој тендер за приватизација на вакви објекти, да оди и социјален пакет за кој мислам дека Владата веќе расправала, за кој се договара за динамиката на евентуална рационализација, на вработувањата во претпријатието кое се договара однапред во рок од повеќе години и за условите со кои таквите отпуштања би биле проследени. Значи, опасноста од вакви отпуштања е минимална. Вистинската опасност е во опасноста да се затвори рудникот, да се затвори РЕК Битола и тогаш луѓето природно да останат без работа.

Реков дека го очекуваме законот, на некоја од наредните седници, штом веќе е пристигнат во Собранието. Тврдам дека со овој закон фактички завршува реформскиот дел од преобразбата на ЕСМ. Фактички со тоа се заокружува законската рамка на функционирање на ЕСМ. После тоа треба да следат и некои подзаконски акти, или како што вчера господинот Ѓорчев ги викаше системски закони, мислам дека на тоа се однесуваат, кои во главно ќе значат меѓусебни договори за преземање и купопродажба на електричната енергија, помеѓу МЕПСО и ЕСМ.

Дозволете ми сега да се осврнам, јас немам стенографски белешки од сите искажувачи, меѓутоа имам стенографски белешки од излагањето на предлагачот, господинот Спиро Мавровски и само ќе се обидам да нафрлам некои работи кои тука беа загатнати, реков во интерес на јавноста.

Договорот со Европската банка за обнова и развој беше нарекуван кредит. Зборував за тоа и сакам да повторам уште еднаш.

Договорот со ЕБРД, не е кредит, туку е Договор за предпродажба на акции од АД ЕСМ, што овој

инвеститор, не кредитодавач, туку инвеститор во Македонија, ја изразува својата подршка на самиот процес на реформи, кој се вклучува во процесот на преобразба и приватизација, со свој претставник во Управниот одбор на АД ЕСМ, со цел да го следи процесот и за таа цел дали процесот се одвива доволно транспарентно и во согласност со Европските барања, а договорени се одредници кои мора да се исполнат во текот на целата преобразба и приватизација и кои оваа банка ги следи, заедно со ЕСМ и до сега се покажуваат задоволителни резултати. Што значи, моделот на некои експерти кои предлагаат да се изврши приватизацијата на ЕСМ постапно, со продажба на малцински пакети и акции, практично веќе се реализира, затоа што Договорот со ЕБРД е договор за продажба на малцински пакет акции. Ние во АД ЕСМ, практично имаме прв инвеститор во малцински пакет акции.

За улогата на хидроелектраните во системот, сакам да кажам дека не треба да ја преувеличуваме улогата на ходроелектраните во електроенергетскиот систем на Република Македонија. Тие произведуваат некаде 15% од произведената електрична енергија. Значи, во производството учествуваат некаде со 15 до 20%, зависно од тоа каква е годината. И воопшто депласирани се оние зборувања дека некој приватен сопственик може да ја испушти водата, да ја потроши хидроенергијата и да ја однесе некаде надвор. Веќе објаснив дека со моделот тоа не е можно. Се што се произведува од хидропотенцијалите во Република Македонија како енергија останува во Македонија.

За инвестицијата во РЕК Битола веќе зборував. Зборувано е за недостатокот на енергија со кој се соочува Република Македонија, се согласувам со тоа и во моментот рековме тоа е 25%. Во наредните години, со отварање на некои индустриски капацитети, овој процент уште повеќе ќе се зголемува. Меѓутоа, според мене тоа е еден аргумент плус зошто ЕСМ производство треба да се приватизира. Улогата на поставување на ова производство во посебна регулаторна рамка, веќе ја кажав, заради потребата од отворање на либерализираниот пазар, со кој, се надеваме дека би дошле нови инвестиции во Македонија.

Исто така кажани се работи во врска со изградбата на далеководот Штип-Црвена Могила. Критикувана е Владата дека не ги повлекува ниту ги користи средствата од овој кредит.

Колку што јас имам информација, тендерот за изградба на овој далековод завршува . Постапката за предквалификација е завршена. Во тек е вистинскиот дел од тендерот и треба дда заврши на 2 јуни, со отварање на понудите. Така што, овој проект се одвива исклучително успешно.

Коментирани се прашалниците.

Владата многу спешно си ја заврши работата со прашалниците. Меѓутоа поглавјето посветено на енергетика, посебно беше успешно. Можам да кажам дека од овој дел не пристигна ни едно дополнително прашање. Според тоа, се она што беше во тој дел од прашалникот образложено како намера на Владата во овие свои реформски активности, се беше прифатено од Европската комисија, како соодветно сообразно на нивните барања и на процесот за основање на енергетска заедница во регионот.

Нормално, во сите спорови, најчесто се загатнува прашањето на цената на електрична енергија и тоа се користи како едно од наједноставните закани за да се исплашат граѓаните и да застанат на страната на оние кои заговараат одлагање на приватизацијата, нема да речам кои се против приватизацијата, бидејќи од политичките партии, учесници во власт и во претходната власт и во сегашната власт, ни една партија до сега не се искажала против приватизација. Тоа веќе е апсолвирано од сите страни. Има некои кои тврдат дека тоа не треба да се направи во овој момент. Меѓутоа, нема такви кои тврдат дека не треба да се приватизира.

Во врска со цената на електричната енергија, сакам да кажам дека таа апсолутно не зависи од чинот на приватизација. Таа апсолутно ќе почне да се менува, да се покачува или да се намалува, во оној момент кога ќе се примени методологијата за формирање на цените на електричната енергија донесена од Регулаторна комисија на енергетика. Тоа може да биде уште во текот на лето. Според оваа методологија веќе реков дека цената ќе се формира врз основа на трошоците, кои што се реални трошоци, дозволувајќи амортизација на објектите и некоја акумулација за идни инвестиции и минимален профит, ништо повеќе, ништо помалку. Потоа, проценките на стручњаците од Регулаторна комисија и на надворешните експерти, така како што мене ми се пренесени, се дека во наредниве седум или девет години цената би се покачувала постапно, но не повеќе од 18 до 20% и тоа цената би се покачувала како резултат не на тоа дали ќе се приватизира ЕСМ или нема да се приватизира, затоа што Владата веќе нема намера да ја субвенционира цената на електричната енергија. Тоа не е ни дозволено. Од договорите со Европската заедница, конкретно договорот за енергетска заедница, еден од основните принципи е дека не е дозволено да се пренесуваат директни субвенции од Владата, од државата на цената на енергентите, туку овој пораст од 18% е проектиран, прво, заради постојаното зголемување на енергијата од увоз, која што чини повеќе отколку што чини домашната цена на производство.

Значи процентот на увоз ќе ја зголемува процентуално, значи во некој соднос и цената на електрична енергија и исто така, потребата од нови инвестиции. Итна, ургентна потребна инвестиција, уште еднаш да потврдам, е инвестицијата во рудникот Брод-Неотино. Во рудникот Брод-Неотино, мора да се почне веднаш да се инвестира. Овие инвестиции, нема кој да ги покрива, ќе мора да одат во цената на електричната енергија.

Она што може да биде навистина, последица на приватизацијата, што би требало да биде и последица на едно здраво раководење со државното претпријатие, тоа е усогласување на критериумите и постапките за собирање на наплатата, значи постојано Европската комисија инсистира да го покажуваме процентот на наплата, колкав е тој и тој треба да се подигне над 95%. Тоа ќе мора да го оствари, дали државното претпријатие, дали утре некој приватник.

Зошто се смета дека приватникот ќе биде поуспешен во зголемувањето на наплатата и спречување на кражбите. Затоа што, овие две интервенции многу тешко се прават без соодветна мерна техника. А мерната техника исто така, бара инвестиции.

Според тоа, оние што се во можност да инвестираат во дистрибутивниот дел, тие ќе бидат во можност подобро да ги контролираат, пред се, кражбите, бидејки процентот на кражби навистина е голем и не можеме да го оправдаме и ќе влијаат на подобрување на овие параметри.

Во случај на заострување на критериумите, во случај на подигање на процентот на наплата, ќе се дојде во ситуација, навистина да се разграничи кој во оваа држава е социјален случај и заради тоа не може да ја плати сметката за струја. А кој може да ја плати, а не сака да ја плати, затоа што му е полесно да краде, или така навикнал. Државата, покачувањето на електрична енергија мора да го проследи со социјални мерки, таканаречени справување со енергетската сиромаштија. Тие мерки не се насочени само на дотирање на оние кои што не можат сами да ја платат сметката. Такви се сегашните социјални плаќања, социјалната помош која штојa дава државата на социјалните случаи. Постојат и групи на стимулативни мерки, кои што истовремено, стимулираат на штедење на електричната енергија.

Во оваа насока Министерството за економија веќе работи на студија, која што е финансирана од Европската банка на обнова и развој на подготвување на ваков пакет на мерки за справување со енергетската сиромаштија и тие треба да утврдат комбинација на познатите мерки. Едната е дирекни социјални плаќања на оние кои што се социјално загрозени, пари наменски определени за плаќање не само за струја туку и за греење и други потреби.

Вториот пакет на мерки е таканречена скалеста тарифа, која што подразбира дека во рамките на една група на потрошувачи, значине смее да се прави дискриминација помеѓу индустриски потрошувачи и домаќинства, туку, оваа мерка би се однесувала исклучиво на домаќинствата. Се прават скалести тарифи во смисла, доколку некој троши да речеме 300 киловат часови месечно, цената е една, прилично ниска. Доколку некој троши меѓу 300 и 500 цената е друга, доколку некој троши над 500 кв. часови, не ме фаќајте за збор, овие бројки ги давам само илустративно, не мора да бидат тие, цената веќе енормно се зголемува.

Фактички, на тој начин, би се стимулирале оние кои што навистина се сиромашни, кои што навистина не можат да ја платат струјата. Во рамките на најниското скалило, со најниска цена да можат да ги задоволат своите основни потреби од електрична енергија, а тоа подразбира греење на топла вода, подразбира осветлување, телевизор и некои минимални други потреби. Меѓутоа, никако не би можеле за оваа ниска цена, за оваа ниска тарифа, да си дозволат луксуз, да се греат на електрична енергија, што мораме да признаеме денеска неретко е случај во нашите домаќинства. Фактички, токму оние кои што не ги плаќаат сметките за најефтин начин на греење, го одбрале токму греењето на струја, затоа што ако се одлучат да се грејат на дрва, треба да одат да ги купат дрвата, да ги донесат дома. А со ова, едноставно, се вклучувате на струја, ја трошите и потоа изјавувате дека сте социјален случај и не ја плаќате сметката. Мислам треба да се застане на ваквите појави во државата во секој случај. Ваквите скалести тарифи влијаат на подигање на свеста кај граѓаните дека треба енергијата да се штеди, дека навистина кај нас ја нема во доволни количини и во различната цена да се стимулира штедењето за да одредено домаќинство остане во одредената класа на потрошувачка.

Понатаму, третата мерка е мерка од групата на енергетска ефикасност, каде што се алоцираат ефтини кредити, дури и бесплатни средства на домаќинствата, кои што повторно се социјално загрозени, за изолирање на нивните куќи, прозори и т.н., со цел за конзервација на енергијата.

Да повоторам уште еднаш, Владата работи на ваква студија и веројатно, идните покачувања на цената на електричната енергија треба да бидат проследени со вакви додатни мерки, кои што ќе им го олеснат животот на оние кои што се навистина, социјално загрозени.

Тоа беше појаснувањето во врска со социјалнио тпакет, социјалните мерки. Во зборот на предлагачот на оваа Предлог одлука за референдум, исто така беше коментирано работењето на ЕСМ. Тука се наведени мноштво на бројки за работењето на сегашното ЕСМ. Јас морам да признаам дека овие бројки не ми се познати. Јас ги знам само официјалните бројки кои што ги издава ЕСМ во своите годишни извештаи, а се зборува во прилог на ефикасноста на работењето. Од каде ги добива предлагачот овие податоци, можеби затоа што дел од советниците на генералниот директор на Електростопанство се и советници на ВМРО-Народна, или што се случува, навистина, не ми е познато и заради тие причини, не сакам да го коментирам овој дел.

На крајот, веројатно има уште прашања кои што треба да се адресираат, меѓутоа, ќе ја имаме можноста, веројатно, уште да зборуваме на оваа тема и во форма на реплики и како збор. На крајот сакам уште еднаш да ја потенцирам вистината и

да испратам порака до граѓаните да не се залажуваат, мислам да не подлегнуваат на кажувањето дека цената на електричната енергија во Македонија ќе зависи од тоа дали ЕСМ ќе се приватизира или не. Тоа воопшто не е вистина. Со постапката на приватизација, претпријатието ќе се комеријализира, односно ќе се подигне наплатата и ќе се спречат кражбите на електрична енергија. Тоа за мене е еден прилог плус да се изврши таа приватизација. Граѓаните треба да се прашаат и треба да го кажат своето, дали се и натаму подготвени да ги плаќаат сметките на други, на оние кои што избегнуваат плаќање на своите сметки и на оние кои што вршат кражба на електрична енергија, или се за крај на ваквиот начин на работење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Борозан, бидејќи мислам дека господинот Груевски беше последен приајвен, пред да започне говорот на госпоѓа Борозан, другите се реплики.

Господине Крстевски, вие сте први, имате три минути реплика.

**Зоран Крстевски:** Сакам уште еднаш да потенцирам дека Владата не наоѓа засходно да учествува во оваа расправа, што покажува и степен на ароганција и веројатно, страв од соочувањето со аргументи,

Второ, овој инспиративен долг говор од час време, покажа дека во водењето на седницата имаме двојни аршини, но ќе ја оставиме таа работа на страна и вчера имавме такви полемики.

Сакам да укажамна две работи од говорот на почитуваната колешка.

Прво околу кредитот ИБЈДВ, тие пари ние не ги зедовме за Елктростопанство, тие пари ние ги побаравме за совладување на дефицитот во платно билансниот дел на Буџетот. А банката не услови како гаранција да дадеме акции од електросистемот, значи од "златната кокошка", како најсигурен начин да си ги вратат парите во случај кредитот да не биде вратен. Тоа е едно.

Второ, тој кредит не беше со најповолни услови, споредбено со други можности да се позајмуваат пари.

И трето, тоа е истиот начин на кој парите што ни ги позајми СОРОС во Телекомот со продажбата ќе ги пренаплати од 4-5 милиона на 20 милиони долари. Значи само банката била мудра и добро ги пласирала парите, очекувајќи дека ние ќе останеме на концептот да го продадеме целиот електросистем. Тоа е првото околу кредиот на банката. Значи тој воопшто не е во функција што е даден за подигање на капацитетите во Електростопанство и т.н.

Втората работа, ако приватизацијата сама по себе е предуслов за, овде како некои демагозираат за европска интеграција, која е логиката, оваа држава, прво да се јави за купување на електросистемот е државната компанија од Чешка, земја која е членка на Европската унија. Тоа значи дека таа теза отпаѓа.

Трето, тие го бараат хидропотенцијалот за да имаат фундирана цена, бидејќи се друго што произведуваме е скапо, не можат да го извезат, ни да го продадат овдека, бидејки нема индустрија која може да го плати тоа.

И последното, за кое немам време, ќе го оставам во некоја друга реплика на друг пратеник.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи твоите коментари беа упатени за мене, јас би сакал да одговорам.

Господине Крстевски, јас вчера разговарав во врска со Владата. Немам намера да зборувам уште еднаш. Можам да живеам со еден пратеник што тоа не го разбира, знам дека другите 119 пратеници ме разбраа кога одговорив.

Во врска со второто, дека јас правам двоен аршин, уште еднаш се докажува моето тврдење и статистика, дека вие сте присутни овдека само 10% од сите седници и на овие пленарни седници, затоа што вчера имаше два говора многу подолги и што е најбитно, некој од нив и немаа никаков контакт со темата, а целиот говор на госпоѓа Борозан беше во врска со темата.

Повелете една минута госпоѓо Борозан за реплика.

**Весна Борозан:** Договорот кој што Владата го склучи со ЕБРД, за продажба на малцински пакет акции од ЕСМ, беше тука во Собрание на разгледување, сите имавме примерок и може колегата да го набави уште еднаш да провери дека тука не се работи за кредит, ни случајно не се работи за кредит и не се работи на истиот принцип на позајмица, која што се направи со Телеком. Со Телеком, навистина беше кредит кој што требаше да ги подобри перфомансите на претпријатието.

Во овој случај, се работеше за приватизација. Значи ЕБРД инвестираше во ЕСМ. Меѓутоа, оваа приватизација е направена условно. ЕБРД рече, јас ќе ги купам тие малцински акции, доколку Владата успее успешно да приватизира 51% од акциите. Односно, ќе останам во ЕСМ само во случај ако Владата е способна да најде приватен инвеститор, кој што комерцијално ќе го раководи.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска имате три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе вие иако вчера се трудевте да ни објасните дека Владата не треба да присуствува на оваа седница меѓутоа, ќе треба да се согласите со мене во делот што ќе ви го кажам сега.

Госпоѓата Борозан ни расправаше за предлог или решенија кои ќе дојдат од Министерството за економија, кои се однесуваат на социјалната компонента при зголемвување на цената на електричната енергија. Тоа е во тој дел. Значи ние мораме од пратеникот Весна Борозан, како потпарол на Министерството за економија да ја разбираме социјалната компонента. Токму во тој дел се однесува и останатиот дел од мојата реплика, без оглед на износот на киловатите кој ги кажа, затоа што и самата рече дека се илустративни, меѓутоа, изгледа дека ние ќе мора

да го вратиме времето назад , ќе имаме растрикции, значи тие што ќе имаат пари да палтат, ќе имаат струја, тие што немаат струја ќе готват еднаш, или евентуално, два три пати во неделата, ќе немаат 5 сијалични мста, ќе имаат едно сијалично место, согласно пропорцијалната скалеста тарифа. Значи колку повеќе струја се троши, толку повеќе и поскапо ја плаќаш. Сега ние велиме дека ќе одиме во Европска унија, ќе го продаваме ЕСМ. Како што разбрав од колешката Борозан, ќе го продаваме за да ги спречиме кражбите во ЕСМ, најверојатно. И јас незнам во таа Европска унија дали луѓето имаат проблем со струјата, дали таму се штеди на струја, како што ќе се штеди кај нас, согласно предвидениот модел тарифен, или скалестата тарифа од Министерството за економија. Мислам навистина, ако таквите решенија се предвидени во некои од законите кои ќе дојдат од Министерството за економија, ние ќе треба да си купиме газиени ламби. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута госпоѓо Борозан.

**Весна Борозан:** Јас се осврнав на овој дел од проблематиката затоа што, тоа беше повикувано од зборот на предлагачот и сакам да нагласам во овој случај дека ова не се мерки кои јас ги измислив тука од оваа говорница, туку тоа се мерки кои што се спроведени во сите држави од Југоисточна Европа, на патот на нивна транзиција кон пазарно стопанисување со електричната енергија, освен во Македонија и Црна Гора. Единствено Македонија и Црна Гора нема воведено вакви мерки и тие се во фаза на подготвување за да бидат имплементирани, затоа што покачувањето на електричната енергија би било во наредниот период.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате три минути.

**Спиро Мавровски:** Јас се јавив за збор. Госпоѓата Борозан рече дека ќе зборува 10 минути, зборуваше 50 минути. Јас погрешно можеби ја разбрав.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Госпоѓата Борозан како компетентна личност е вклучена во целиот овој случај. Очекував да ги разјасни работите пред граѓаните, но за жал по нејзиниот говор од 50 минути, стигнавме во ситуација едноставно, уште повеќе да ги заматиме работите и сега повеќе не знаеме што е што и како со граѓаните понатаму.

Уште од самиот почеток на вашето говорење кажувате дека Владата е сопственикот на Елктростопанство на Македонија и тоа е точно и тоа го говоревме во претходниот закон кој што беше за трансфорамција и преобразба и кажавме дека Владата во секој момент можеше и требаше да ги нарпави сите тие промени, но, ете не се случи сето тоа, значи, требаше Парламентот да ги донесе тие две одредби за кои рековте дека Владата не може да ги донесе. Значи требаше ние како Парламент да застанеме и да донесеме одлуки, да донесме закон, кој што токму тој закон со вашето гласање и дава право на Владата да го нарпави она што не можеше да го нарпави. Значи да направи приватизација, за која што вие говоревте дека ние на овој начин ќе го поништиме малцинскиот пакет од акции кои што го зедовте од ЕБОРД, но заборавате дека целата опозиција, стенографските белешки ако ги земете, токму укажувавме дека ова не е кредит, ние тогаш говоревме дека не е кредит, дека обврзувачко, дека ние треба да го продадеме.

Што ќе се случи ако 51% од акциите на Електростопанство на Македонија не се продадат, тогаш што станува со кредитот или продажбата на малцинските акции, тогаш државата и ние како потписници на тој закон си земаме за право во одреден период да вратиме се она што го земавме со камата поголема од она што, како што кажа и господинот Крстевски, можевте да го земете од било која банка. Значи, обврзувачки е тој договор. Кажувате дека условите не се исти, тогаш беше 2002 година, сега е 2005 година, утре ќе биде 2010 година, условите никогаш нема да бидат исти, тоа е нормално, но прашањето е зошто и како што во меѓувреме е реално и фактички променето, што вака само формално-правно кажувате дека се е поделено, дека имаме тарифна методологија, дека тоа може да функционира, дека во моментот е одделено МЕПСО од Електростопанство на Македонија, дека имаме плаќања помеѓу двете претпријатија, она што значи пазарна економија, но од друга страна говорите за конзервација на електроенергетскиот пазар. Конзервација или реализација апсолутно двете не можам да ги подразберам и вашето објаснување дека се ќе оди преку тој систем оператор МЕПСО на кого му давате функција да биде се во државата, дека може да купува, може да продава, секој треба да најави колку ќе произведе, колку ќе продаде, колку од каде можеме да добиеме, ќе дојдеме во ситуација кој приватник ќе земе хидроелектрана или хидропотенцијал ќе ви плати цена за истиот и ќе очекува кога тоа господинот оператор од МЕПСО ќе ја вклучи хидроелектраната да поработи и да се вклучи во некој шпиц од најголемата потрошувачка да го покрие она што треба да го покрие.

Дали хидроелектраната може да се држи резерва цело време, бидејќи апсолутно немате кажано ни еден услов што, како и кога ќе продавате, кои се објектите што ќе се продаваат, тоа сакаме да го слушнеме. Кажувате да постигнеме поголема цена. Која е таа цена, која е најмалата цена, која е најголемата цена и сега ништо не кажавте.

Кажувате дека Рудникот Брод - Неотино, за среќа бевме двајцата присутни, помина една година од тогашното свечано отворање и сечење на лентата во Брод - Неотино, тогаш кажавте дека Електростопанство на Македонија ќе земе некаде 130 милиони кредит и тука ќе почне затоа што и самите кажувате 6,5 - 7 години од работењето на РЕК Битола после кој 4,1 милијарда или 4,1 тераватсати Македонија нема повеќе да ги

добива.

Што ќе се случи тогаш, големо прашање, треба да им објасните на граѓаните дека доколку РЕК Битола не работи таа количина на енергија не можеме да ја внесеме во Република Македонија. Технички е невозможно затоа што цевка, за да им биде појасно на граѓаните, фи -100 не може да носи фи- 500. Сега, тоа не го кажуваме. Проблемот е многу голем, многу поголем од ова дали ние сега ќе го продадеме Електростопанство на Македонија или нема да го продадеме. Јас говорам 15 години ние треба да изградиме енергетски објекти, вие кажувате дека немало можности, од друга страна и државниот сектор и приватниот сектор со либерализација стигнуваат во иста ситуација и сега кажувате дека термоцентралата што требаше да се изгради во Скопје не може, треба да најдеме некој приватен инвеститор. Тој го најдовме и го избркавме, затоа што повторно некој од државниот сектор сака да каже дека треба да биде толку, по толку да биде откупувана електричната енергија и во таа насока тие инвеститори ги избркавме.

Ако вие ми кажете сега Рудникот Брод - Неотино треба да го направи некој приватен инвеститор, тука имаме голем проблем госпоѓо Борозан. Немојте да ја замајувате македонската јавност затоа што ако државата не може да се дозволи и да најде кредит да застане гарант да се отвори тој рудник, тогаш не очекувајте од никој приватник да даде 130 и уште не знам колку милиони евра за да го отвори Рудникот Брод - Неотино за да може да продолжи работата на термоелектраните во Битола. Самите можеби знаете можеби не сега ископот во РЕК Битола е еден тон јаглед со 3,5 - 4 м$^3$ земја. Ископот во Брод - Неотино е еден со 7-8, значи ќе има двојно поголема цена и вредност за тон јаглен и тука ќе се јави големиот проблем. Мислам дека и вие да сте приватник многу тешко би инвестирале во таква ситуација во еден рудник, а постои друга ситуација вработените, немојте да кажувате ако се приватизираме дека веќе имате најдено некој инвеститор кој веднаш утре ќе го отвори Брод - Неотино и ќе почнеме да работиме и наместо три блока ќе направиме и четврти блок.

Дајте реално да ја видиме ситуацијата, немојте да ги ставате луѓето во заблуда дека токму ова, технички кажувате карактеристики на рудникот, бидејќи еколошки не задоволува, не можат да се најдат никакви кредити од банки, ќе треба комерцијални кредити. Не знам што ќе треба, но во секој случај ќе треба да се отвори тој рудник затоа што Термоелектраната Битола нема да работи, а во меѓувреме во Термоелектраната Битола се прават технолошки иновации, промени, автоматика и автоматизација за кого, ако не може да работи. Мислам дека работите треба да ги поставиме како што се реални и право, ако мислите дека само можеме на тој начин да направиме работа, тогаш апсолутно мислам дека не сте во право затоа што не е начинот така да ги добиваме сите овие средства кои ги говоревме.

За она што сакавте да кажете Штип - Црвена Могила, денеска госпоѓо Борозан е мај месец, помина една година и повеќе откако расправавме за тој кредит од 53 милиони евра за кои толку гордо во 2002 година беше запрен за пред приватизација и што требаше да се направи далекуводот Штип - Дуброво во кој никој од вас не веруваше, но тој се направи. Сега чекаме, кажувате на 2.06, јас не знам, можеби е така, ви верувам, значи на 2.06 ќе имаме отворање на тендерот и ќе видиме кој ќе го добие тендерот за да почне со работа. Но, ако заборавивте, а мислам дека не заборавивте беше предвидено за 18 месеци македонското стопанство да се вклучат наши фирми за да можат тие пари да завршат тука да може да го направи сето тоа, а во меѓувреме да ни се врати електричната енергија за оној дел што ќе го правиме во Бугарија со електрична енергија. Но, еве, јас не добив информации од никого, добивам од она што слушам и што гледам на прес конференции од генералниот директор и портпаролот на Електростопанство на Македонија, можеби вие имате други информации, за жал, јас ниту сакам да имам, значи она што е јавно кажано само го слушам и го пренесувам, можам после тоа да ви кажам што кој кога кажал, а меѓу нив и вие.

Значи, во секој случај во изминатите 14 - 15 месеци неработење на овој далекувод не носи во ситуација уште пострашна утре нашите врски се само со Србија и Грција на 400 киловолтно ниво е тоа. Сега, што ќе се случи понатаму, како што кажавте конзервиран систем во кој секој ќе мора да му ја продава електричната енергија на МЕПСО, ние имаме толку колку што имаме 6,1 милијарда тоа е недостаток од 35 не од 25%, бидејќи оваа година увезуваме 2,3 милијарди, догодина можеби ќе стигнеме до три, оваа година е 80-90 милиони евра, догодина ќе видиме, можеби ќе помине и 100 милиони, тоа се кеш пари платени кои мораме да ги платиме за да ја добиеме електричната енергија.

Сега, силата на МЕПСО јас не знам од каде ќе доаѓа за да може да ги плати тие пари, па после да може да ги наплати од некој и самите кажувате дека проблемот е во кражбите, проблемот е во она што значи дистрибутивна мрежа. Тогаш дајте да размислуваме поинаку, дајте дистрибуцијата, ако мислите дека приватник подобро ќе раководи со неа да ја продадеме дистрибуцијата, а социјална категорија кога ќе имате струја, имате направени тарифни системи од кои, сигурно знаете подобро од мене, дека само дел од она што треба да го пренесе корисникот на дистрибутивната мрежа, тоа е негово. Производството, она што го наплаќа МЕПСО, тоа е парите што ќе останат. Значи, од МЕПСО остануваат пари кои утре треба да ги покриеме сите кредити, како што кажа и господинот Глигориевски дека се префрла се на МЕПСО и МЕПСО со ова што го има, колку што го има 6,1 милијарда киловат сати и уште 2,3, тоа е 8 или 8,5 милијарди киловат сати пренос, на нив ќе има одреден процент затоа што ќе го пренесува и тоа

се парите што МЕПСО ќе ги добие за работење, за одржување, технички знаете дека многу работи не се дефинирани ниту на 100 киловолтна мрежа, но да не ги замараме граѓаните, можеме за тоа да говориме многу повеќе.

Она што беше директно прашање до вас во однос на цената, кажувате дека наредните 6-7 години ќе дојдете во ситуација цената на електричната енергија да биде покачена 16-18% максимално според некои стручњаци од Регулаторната комисија.

Госпоѓо Борозан, ние говоревме дека во моментот само за ДДВ за кој тука расправавме, кој беше покачен од 5 на 18% и генералниот директор на Електростопанство на Македонија тогаш вети дека нема да ја покачува електричната енергија, дека тие 13% едноставно ќе ги плаќа тој, но се случи покачување од 7% и останува уште 6% кои утре ќе ги платат граѓаните на Република Македонија затоа што ДДВ сите го плаќаме со сметките и тука во старт имаме 6% зголемување на електричната енергија.

Кажавте неколку работи со кои, не знам како излегуваат овие 16-18%. Кажувате процентот на увоз ја зголемува цената на електрижната енергија. Така. Сега увезуваме 35%, утре ќе увезуваме 50% да даде Господ да се зголеми производството за да имаме нови капацитети и да се зголемува понатаму. Таа цена ќе ја плаќаат граѓаните на Република Македонија и тука дефинитивно е така.

Понатаму, кажувате Брод - Неотино, доколку сега се земе кредит и да почне да се гради повторно ќе го плаќаат граѓаните на Република Македонија. Токму така. Значи до 18% ако сите работи ги ставивте до 18%, јас ќе ве потсетам дека и Козјак пак го плаќаат граѓаните на Република Македонија, значи уште колку има 70-80 милиони што не е завршено, ДДВ-то повторно го плаќаат граѓаните и вие кажувате дека сето ова во наредните 7-9 години ќе биде зголемување од некаде 16-18%. Госпоѓо Борозан многу лесно можете сега да кажете, после тоа не знам кој ќе ве бара да потврдите дали така кажавте или беше поинаку, мислам дека апсолутно не е така.

Понатаму, држите до теоријата дека државата е многу лош домаќин и дека приватникот може да го заврши сето тоа. Јас ви кажувам единствениот начин каде приватникот може во овој момент, бидејќи државата не сака, тоа е Дистрибуцијата на Република Македонија, а сето друго, кој е тој што ќе донесе пари или ќе плати пари и утре во интерес на државата да очекува МЕПСО да му каже колку ќе има производство, кога да се вклучи со Хидроелектранта, дали да се вклучи, дали да биде резерва, кога да го прави ремонтот, тој е веќе газда на хидроелектраните, газда на рудникот, газда на термоелектраните.

Јас само ќе ве прашам една работа, хипотетички, бидејќи хипотетички ги говорите работите што ќе се случи тој газда утре, ако денес е цената на електричната енергија 3 центи во РЕК Битола, утре биде 5, а на пазарот е 4 центи. Дали тој и понатаму ќе работи со еден цент загуба на еден коловат сат и кој тоа од било кој приватник ќе го прифати со овие услови што кажавте да отвори рудник, да ја држи термоелектраната и социјалниот пакет за кој тука не известувате.

Прво, кажувавте дека струјата повеќе не може, генералниот директор можеби вие не, дека струјата нема веќе да биде социјална категорија и дека секој ќе треба да ја плаќа, сега наеднаш повторно станува социјална категорија и вие објаснувате дека 70% од струјата може државата да плаќа, а понатаму ќе видиме што и како.

Дајте да ги видиме основните проблеми, она што можеме да го решиме, да дозволиме да се решава. Не можеме во оваа ситуација да сееме магла дека струјата ќе се покачи 16-18% кога знаете и самите дека до јули - август ќе оди до 30%, но наредните 7-9 години колку ќе биде треба да видите и она што некој го говореше 2002 година не само за цената, затоа што таму беше спомната Унгарија каде од 1 форинт стигна на 15 форинти и кажа дека државата со Регулаторната комисија тоа го издејствува.

Треба да кажете дек а60% од вработените биле отпуштени за 5 години во Бразил, 43% за 4 години во Перу и тоа е реалноста и тоа е вистината. Ако сакате да му кажете на некој дека се приватизира утре, дека некој ќе го направи Рудникот Брод-Неотино и дека ќе почне да работи и да дејствува многу подобро отколку дејствува државата, апсолутно е некоректно, прво кон тие луѓе, мислам дека треба да ја знаат вистината што понатаму ги очекува и како ги очекува, ако и вие знаете, а ако не овие социјални категории, ова што го кажувате, мислам дека Атинскиот меморандум, политичка обврска, но од друга страна кажувате две многу спротивставени работи, го конзервирате пазарот, а говориме за либерализација. Либерализацијата е првата што треба да дојде и да овозможиме на тие големи потрошувачи да се тргнат токму, не да се тргнат, ако тие сакаат можат и понатаму и ако има можност Електростопанство на Македонија да произведува токму електрична енергија за да откупуваат од Електростопанство на Македонија, тогаш е во ред, ако не, на пазарот можат да си најдат електрична енергија и да не бидат на товар повеќе затоа што огромните загуби и малата добивка која еднаш, еве повторно ќе ви кажам, според едни податоци на портпаролот и генералниот директор се два милиони евра, според податоците на заменикот генерален директор се седум милиони евра, а според она што ви го кажав ми беше малку чудно, направете ја пресметката, кога ќе ставиме ФЕНИ, кога ќе ставиме сума, кога ќе ги ставиме сите овие средства од ДДВ кои се одделени и губењето на електричната енергија ќе дојдете до една многу, многу голема бројка во однос на обртот што го има Електростопанство на Македонија и тогаш нема да биде како што зборуваше господинот Георгиев за 20, за 50 години тој обрт, туку ќе биде за многу помалку, за 10-15 години средствата ќе бидат тие што ќе можат и Електростопанство на

Македонија да работи и да ги враќа парите и да имаме инвестиции.

На овој начин и во ова што е понудено како закон против кој ние говориме, против кој членот 7, не знам, можеби ви е јасен и сега алудирате на две работи, тоа е првото, преку склучување на договор за продажба на малцински пакет на акции со меѓународни финансиски институции, тоа е во ред, ова што сега се прави за да можеме од ЕБОР да му продадеме акции, барем така говоревте вие, со тоа што ЕБОР ако сака, ако не сака нема да ги купи, ние ќе треба да ги вратиме парите. Преку тендер во кој е вклучена претквалификација на начин и по постапка што ги пишува Владата на Република Македонија и третото на друг начин утврден со закон.

Тука приказната завршува, кажувате кој е инвеститор било кое домашно или странско правно лице, меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чии основачки акти се јавува Република Македонија како земја членка.

Е сега и тогаш и сега ни објаснивте апсолутно што значи, дали ова значи нешто и може да вклучи пренос на акции бесплатно или по овластена цена. За жал, од тогаш помина многу време, 24 март 2004 година досега Владата и покрај оваа дозвола за која говоревте вие малцинските акции веќе ги дадовме, но од друга страна Владата не најде за згодно да седне со Синдикатот и да почне да разговара дали тие акции ќе бидат 1%, ќе бидат 3% или 10%. Дали тоа ќе биде оние што ќе работат во МЕПСО да имаат акции или нема да имаат акции, дали тоа ќе бидат пензионерите и како тој пакет ќе се разглоби затоа што во оваа ситуација, јас ви кажав и минатиот пат, ние не доаѓаме до 51%. 51% и овие малцински акции од 20% стануваат 71% и 10% за вработените тоа е 81%. За државата остануваат 19%. Значи, не за 51, говориме за 80% за продажба на Електростопанство на Македонија.

Сега кажете кое колку вреди, што ќе се дава на продажба, како ќе се дава на продажба или ќе треба се комплетно да се продаде и да завршиме работа, ќе чекаме од приватникот дали ќе имаме струја или утре ќе има јаглен, можеби ќе се отвори нешто друго, не знам, атомска енергија, говорите за Бугарија, точно е Бугарија, Бугарија атомската електрана Козлодуј се затвора но за 2009 година, 2010 ќе се отвори нова атомска електрана со капацитает два пати поголем од она што ние го имаме комплетно.

Значи, луѓето работат и мислат на она што е нивно. Ние чекаме некој приватник да ни направи нешто и да ја раководи државата подобро отколку што самата држава може да се раководи. Тука е основната разлика и основниот проблем. Значи во овој момент немаме апсолутно никаква ситуација нешто да продаваме. Ние можеме, но тоа треба да биде обврзувачки било кој што ќе земе дали тоа термоелектрана, хидроелектрана да биде обврзан утре да го направи она што го кажавте, дали тоа ќе биде топлинска, дали тоа ќе биде гасна електрана, дали тоа ќе биде нов рудник или ќе биде нова термоелектрана. Таква обврска апсолутно никаде ништо не е поставено, ние продаваме објекти кои се направени и завршени. Тука ќе заврши приказната.

Ако приватникот има интерес, нормално дека ќе работи, ако нема интерес, тука завршува приказната и остануваме на вашите зборови дека некој ќе го направи рудникот, дека некој ќе ги вработи вработените, дека цената нема да се покачи од 16 до 18% до наредните 7 и 9 години. До кога? Додека се приватизира ова и тука ќе заврши приказната. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Борозан три минути реплика.

**Весна Борозан:** Благодарм.

Најпрво да почнам од воведната забелешка на колегата Мавровски кој што рече дека сум ги заматила работите. Јас ја заматив можеби нивната вистина за приватизацијата на ЕСМ и многу ми е драго ако го постигнав тоа, затоа што ги кажав работите онака како што се. Ја ценам исклучително оваа прилика.

Притоа сакам да нагласам дека моделот за пазар на електрична енергија навистина е комплициран, ќе имаме прилика повторно да зборуваме за него на наредната седница или на некоја од наредните седници. Тој е навистина тежок за разбирање и немам време во овие три минути повторно да го објаснам.

Една работа сакам да нагласам. Ни случајно не реков дека државата е лош стопанственик. Може да се провери во стенографските белешки. Јас реков само дека државата е лош инвеститор, државата веќе не може да најде кредити кои што не се комерцијални, не може да најде ефтини кредити за отворање на рудникот Брод Гнеотино.

Исто така, реков дека државата не може да најде ефтини инвестиции во мерната опрема која што е скапоцена во дистрибуцијата за спречување на кражбите, а фактички овие две работи се извори на опасности на сите зла кои што не очекуваат во иднина доколку не се најде ефтин инвеститор во Македонија.

Во врска со цената сакам да наведам на едно размислување. Бројката од 18%, нека биде и 20%, не реков во ниеден момент 16, кажав пред малку на Комисијата за енергетика врз основа на нивните пресметки на сегашната цена на чинење на производството. Ако во таа цена е вкалкулиран и ДДВ кое што треба да се додаде, во моментот не е вкалкулиран нека пресметаат граѓаните на Република Македонија што тие всушност плаќаат во овој момент. Значи досега цената е донесувана само врз основа на барање на Електростопанство на Македонија, колку на електростопанство му треба за да ги покрие своите трошоци за работење, вклучувајќи ги тука и кражбите и недоволниот степен на наплата. Можеби граѓаните треба да се запрашаат дали во овој момент во сегашната цена тие не ги плаќаат и кражбата и ненаплатата на електрична енергија.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Госпоѓо Јаневска повелете за реплика три минути.

**Цветле Јаневска:** Благодарам претседателе, сакам да му реплицирам на колегата пратеник, кој ми е колега и по вокација, кој особено го ценам и сметам како и јас и тој целиот работен век сме го поминале во областа за која расправаме.

Најнапред ќе кажам дека при секоја констатацијата е еднодушна дека при секоја круцијална реформа во нашата земја парламентарците од позицијата, од опозицијата, чест на исклучоци се трудат да наметнат ситуација на безизлезност, ситуација на црно или бело, на екстремни ефекти и на добро или зло. Колега Мавровски кој и дава за право да го внесувате граѓанинот во црни сценарија со однапред неосновани предвидувања за некаква си завера на позицијата да му нанесе зло на сопствениот народ само затоа што е реформски ориентирана, а методите кои ги применувате притоа се навистина перфидни. Дека навистина ова безсочно го правите јас само ќе ве потсетам на поранешните закони кои беа донесени од оваа област.

При носењето на закон за преобразба на ЕСМ упорно се обидувавте да го оспорите, дури некои од вашите колеги до тој степен дека ќе се распадне системот. Системот и понатаму функционира.

Со закон за гаранција на враќање на средствата на ЕБОР Банка ги вжешти дискусиите меѓу пратениците од тезата дека тоа претставува ново задолжување на државата до тврдењата дека тие средства ќе се искористат за потполнување на дупки. Мислам дека изјаснувањето на министерот дека тие средства ќе се стават во резерви на државата ги оповргна тие тврдења.

Се згрозувам и од фактот дека и понатаму манипулирате со судбините на евентуално прогласените за технолошки вишок. И после три години од рационализацијата на прекубројните во ЕСМ не престануваат дегултантните објаснувања. Половичните решенија при нивното вработување направи предизвик за нивните судбини. Се знае дека само со инвестициони вложувања во одредена област може да се направат нови вработувања. Ова се се направи. Да потсетам, да се купи социјалниот мир на граѓаните, а да се скрие невидениот грабеж на капиталот во ЕСМ. Еве и сега мислам дека се насочува негативна енергија однапред тврдејќи дека ќе има рационализација наспроти економските закони дека со секое инвестирање. И уште нешто длабоко забраздени сме во ситуација на изоден пат со реформите во ЕСМ, а заговарате референдум за ова прашање. Значи, првенствено тоа значи равенство како да сме се попишманиле во нашите определби да се придружиме. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски една минута контрареплика. . .

**Спиро Мавровски:** Колешке мислам дека ништо не оповргнавте, се кажавте како што е. Тоа останува, како што е кажано, точно е така, затоа што и одговорот на министерот кажува дека тој кредит кој што ние ќе го земеме со сите тие транши завршува директно во буџетскиот дефицит, кој што го покриваме. Електростопанство апсолутно не добива ништо од сето тоа, а дали ние ќе го враќаме тоа како кредит ќе видиме кога ќе стигнеме до малцинскиот паќет акции, дали воопшто ЕБОРД ќе биде заинтересиран да ги земе тие пари.

Јас и после 15 години ќе кажам дека политички реваншизам го направивте 2003 година, никој не може да ве ослободи од одговорноста, а оние вработени кои што ги избркавте од работа, кои што работеа по погонски станици и кои што го фрлија своето здравје многу е битно дали биле од оваа или од онаа партија. Тие луѓе нема леб да јадат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине.

Господа пратеници имаме 9-мина пријавени за дискусија. Имам предлог, сметам дека можеме да работиме на три начина, бидејќи три дена зборуваме, аргументите се кажани за и против, она што треба да се каже во врска со тоа да се убедиме дали треба да гласаме за референдумот, или против, тоа е друго, не го спорам.

Јас имам три предлога.

Едниот е да се искажат од секоја пратеничка група по еден за да можеме сите да завршиме денес.

Другиот е сите да зборуваме кратко, 10-15 минути, за тоа ќе имаме време и

Трето, ќе закажам дополнително.

Дополнително е многу широк поим, Деловникот не специфицира што значи дополнително.

(Пратениците од место дофрлуваат свои предлози)

Јас би предложил да бидеме кратки, секкој да си го каже своето. Доста аргументи слушнавме за и против, стручни аргументи, другите колеги можат да кажат и политички аргументи но за тоа се доволни 10 до 15 минути.

Повелете господине Стојановски имате збор, а потоа е господинот Илија Китановски.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине претседателе,

Најнапред сакам да се вратам на основниот повод зошто сме тука денес, а тоа е да расправаме и да ги изнесеме нашите аргументи за и против одлуката за распишување на референдум со прашање: Дали сте за спроведување на одредбите од Закон за преобразба на ЕСМ, АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, што се однесуваат на приватизацијата преку продажба на електростопанство на Македонија и на друштвата основани од него.

Значи, предлогот на господинот Мавровски и

пратениците кои што го поддржуваат овој предлог е граѓаните да се изјаснат по ова референдумско прашање со “за” или “против”. Значи, треба да се изјаснат во контекст на членовите 7 и 8 од Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија во кои членови е дефиниран начинот на приватизација на ЕСМ.

За да биде целосно јасно за што станува збор во овој Парламент сакам да се задржам најпрво на она што е утврдено во овие два члена.

Имено, во член 7 е наведено следното: приватизацијата на ЕСМ или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на ЕСМ или на друштвата основани од него во една или во повеќе трансакции на инвестиции. И тоа: преку склучување на договор за продажба на малцински паќет на акции со меѓународни финансиски институции;

Преку тендер во кој е вклучена преквалификација на начин и по постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија;

или на друг начин утврден со закон.

Со членот 7 е утврдено дека под инвеститор се подразбира било кое домашно или странско правно лице, било кое правно лице;

Меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чиј основачки акт се јавува и Република Македонија како земја членка. Значи, буквално секој субјект, физичко или правно лице, домашно или странско, финансиска институција или некоја друга институција.

Приватизацијата на ЕСМ или на друштвата основани од него може да вклучи согласно овој член и пренос на акции безплатно или по повластена цена од основната главнина на ЕСМ или на друштвата основани од него на лицата кои што до 31 декември 2003 година биле во работен однос во ЕСМ. Владата на Република Македонија со одлука ќе го утврди процентот, начинот, условите и критериумите за распределба на акциите од овој став. Ова е членот 7 од Законот за преобразба на ЕСМ, кој што и дава на Владата буквално целосна слобода да прави онака како што таа мисли да прави во контекст на приватизацијата на ЕСМ. Значи, може да склучува договор за продажба на малцински паќет, може преку тендер за прекфалификација во постапка која што истата Влада што го распишува тендерот ја предвидува, на друг начин, кој што треба ние закон да донесеме, да го утврдиме, а истовремено вели дека може да вклучи и пренос на акции на вработените.

Уште кога беше дискусијата за овој закон баравме да биде облигатор на обврската на Владата на Република Македонија во правец на задолжителност на давање на акции на вработените по повластени услови, со тоа што на Владата на Република Македонија би и се оставило простор да утврди колкав процент од акциите ќе бидат дадени на вработените под овластени услови и под кои услови, кои критериуми ќе бидат почитувани и на тој начин да се реализира правото на вработените во ЕСМ во добивање на акции под повластени услови. Меѓутоа, од сето ова Влдата нема направено буквално ништо, затоа што сеуште важи дека може, да, ние имаме намера, имаме добра волја, мислиме дека треба, меѓутоа, Владата воопшто нема донесено никаква одлука, ниту пак има започнато некакви разговори со синдикатот на ЕСМ за доделување на акции под повластени услови. Она што е кажано е само намера која што произлегува од можноста која што е дадена со овој закон, меѓутоа, тоа претставува само можност, а не и обврска за Владата на Република Македонија. Значи, вработените во ЕСМ затекнати, кои што до 31 декември 2003 година биде во работен однос во ЕСМ денес немаат никаква гаранција дека ќе добијат акции од ЕСМ под повластени услови. Тоа е во контекст на членот 7.

Укинувањето на овој член апсолутно не значи дека вработените не треба или нема да добијат акции од ЕСМ. Напротив, укинувањето на овој член може да остави само простор дополнително да се даде обврска на Владата на Република Македонија да го утврди процентот, условите, начинот и постапката и критериумите за добивање на задолжителен начин на акции на вработените на ЕСМ.

Во контекст на реструктуирањето на ЕСМ, на што се однесува членот 8 и на неговата приватизација односно на друштвата основани од него се вели дека тоа се прави врз основа на претходно донесена одлука од страна на Владата на Република Македонија. Единствено реструктуирањето и приватизацијата на ЕСМ ќе се врши врз основа на одлука на Владата. Нормално дека мора со одлука на Владата да се врши, меѓутоа, прашање е по кој модел тоа ќе се направи, на кој начин ќе се изврши приватизацијата, што значи реструктуирањето, какви се односите помеѓу друштвата внатре во ЕСМ, дали се тие целосно одвоени итн., итн.

Од друга страна целиот овој процес треба да биде заснован на начелата на транспарентност, недискриминираност, објективност и согласност со пазарните услови. Значи, ако почнеме од начелото на транспарентност доволно зборува за почитувањето од страна на Владата на сето она што ние го имаме утврдено во Законот за преобразба на ЕСМ, а од кој закон произлегува и референдумското прашање и понатамошниот процес на приватизација на ЕСМ.

Понатаму, вредноста, согласно мислењето кое што е доставено од Владата на Република Македонија до нас пратениците во контекст на предлогот за распишување на референдум утврдено е дека вредноста на ЕСМ со која ќе се изврши приватизацијата ќе се утврди преку резултатите од тендерската постапка. Значи, нема почетна цена, нема вредност која што пртставува лимитирачка вредност, нема модел по кој што ќе се врши утврдување на таа вредност и начинот на дефинирање на продажната цена на

ЕСМ.

Во контекст на укажувањето на претседателот на Собранието ќе се обидам да не ги набројувам сите оние активности кои што се реализирани до денес, меѓутоа, сето тоа се сведува на она што го кажа колешката Борозан во смисла на активностите кои беа преземени од страна на претходната Влада за ангажирањето на меѓународна консултантска компанија и донесувањето на модел и план за реструктуирање на ЕСМ. Сето останато што е направено е направено на начин кој што недоволно транспарентно го има направено оваа Влада и затоа ние имаме мала привилегија тука, доколку некој од пратениците поднесе ваков предлог да дискутираме по тие прашања а некој од пратениците кои припаѓаат на Власта, а кој што е упатен или информиран за овие прашања да може да не информира за тоа што се размислува во Владата или какви активности се преземаа во овој правец. Меѓутоа, независно од сето ова прашањето кое сите ние си го поставуваме, а пред се граѓаните на Република Македонија кои треба да ја платат цената на приватизацијата на ЕСМ, затоа што цената нема да ја плати ниту ЕСМ, бидејќи тоа ќе добие сопственик, ниту тоа ќе го направи Владата на Република Македонија, или владеачката коалиција која од продажбата ќе добие само пари за кои ќе треба да оцени на кој начин ќе ги потроши, туку цената ќе ја плаќаат граѓаните на оваа земја со покачување на цената на електричната енергија со исклучувањето од системот, со проблеми кои што ќе настанат во снабдувањето со електрична енергија, заради сите оние причини, кои што колегата Мавровски многу детално ги образложи.

Не се спомна воопшто во контекст на концесиите кои што треба да бидат утврдени за инвеститорите, кои треба да се појават во смисла на концесии за водата, концесии за јагленот и други прашања кои што сегашниот актуелен закон за концесии ги нема решено и кои што преку тој закон нема да можат да се регулираат.

Од друга страна независни производители на електрична енергија факт е дека не постојат. Значи, целокупната енергија која што се дистрибуира во Република Македонија до потрошувачите, се дистрибуира од страна на Еелктростопанство на Македонија.Тој е и увозник, тој е и производител, тој и оператор, затоа што факт е дека МЕПСО кој што треба да ја преземе функцијата на главен оператор единствено што прави тоа е да го добива оној надомест кој што му го дава ЕСМ за одржување на мрежите кои што порано ги одржуваше електропренос. Значи, воопшто нема подготовка за реално поставување на работите помеѓу производителот, дистрибутерот, операторот и потрошувачот. Во вакви услови, фактички, монополот кој што држи ЕСМ со продажбата на 51% од вкупниот капитал на ЕСМ , ќе премине единствено во рацете на некој друг приватен монопол кој што ќе располата со сите овие богатства односно со целокупниот овој капитал, кој што сега е во располагање на ЕСМ, на начин кој што треба да биде регулиран преку Регулаторната комисија со тарифниот модел кој што е донесен со методологијата и со начинот на утврдување на највисоката цена на електричната енергија, за која што пак, како што слушаме, има различни калкулации, меѓутоа, основната калкулација е во тоа дека нема плафон до каде може да се покачи односно која е реалната цена која што ќе значи профитабилно работење на идниот инвеститор и која ќе биде економска категорија во која што Република Македонија и граѓаните на оваа држава ќе можат да ја платат таа цена. Цената може да се качува и 200, 300 и 400%, меѓутоа, ако таа цена не може да биде платена ниту од стопанството, ниту од домаќинствата, прашање е кој ќе биде пазарот на таа електрична енергија во Република Македонија, се разбира, со таа цена.

Заради овие причини сметам дека монополската позиција која што на овој начин ја стекнува новиот инвеститор, фактички ќе биде една позиција која што е многу слична на онаа од која што сега настапува Телеком и на тој начин покачувањето на цената на импулсите ки што се однесуваат на Телеком од околу 300% во овие три-четири години, фактички ќе значи соодветно однесување на идниот инвеститор во ЕСМ, затоа што логиката на бизнисот е една, што поголем профит за што помалку време. Идниот инвеститор во ЕСМ ќе сака за што помалку време да ги врати парите со кои што го платил ЕСМ и на тој начин нема да го интересира инвестирањето, дополнителното вложување додека не ги врати оние основни средства кои што ги вложил за купување на ЕСМ. Од друга страна тоа значи и намалување на трошоците на работење на ЕСМ. Ако веќе тргнеме од некои податоци кои што излегоа во јавноста, а кои што ги пренесоа некои владини потпароли и некои други советници од Владата, факт е дека како еден од заинтересираните купувачи на ЕСМ, беше спомнато и Чешкото електростопанство, кое што се наоѓа во државна сопственост. Значи не се менува видот на сопственоста, туку се менува начинот на раководење и управување со компанијата односно сопственоста на капиталот, која што ќе премине од едни државни раце, значи од рацете на државата Република Македонија, во рацете на државата Република Чешка, која што согласно она што беше досега кажано, се префрли како Собрание на акционери, наместо Владата на Република Македонија, преку чест ќе биде Владата на Чешката република. Секако, тргнувајќи од логиката која што ја кажувате. Не се менува видот на сопственоста, се менува само државата која што е сопственик и која што треба да го утврди начинот на стопанисување. Јас сметам дека со овој начин дефинитивно се признава дека работењето на ЕСМ, начинот на управување и раководење е под директно и многу силно политичко влијание, зборувам не само за сега, тоа е многу години наназад и тоа сигурно има доведено до негативни резултати во вкупното работење и вкупните состојби на ЕСМ.

Меѓутоа, од друга страна тоа значи дека ние како Влада, како држава Република Македонија не сакаме да го ослободиме ЕСМ од политички влијаниеја, од поставување на партиски послушни кадри на негови раководни позиции, туку сакаме да најдеме сопственик кој што ќе ги поставува тие менаџери, тие кадри кои треба поуспешно да раководат и да управуваат со компанијата. Ако е веќе така, ајде да предложиме нешто друго. Да и предложиме на Владата на Република Македонија да добие повеќе време во контекст на приватизацијата на ЕСМ, па нека најде, има искуство во тоа и има најдено советници кои се од странство и кои се докажани стручњаци во својата област, па нека најде поквалитетни менаџери, нека најде луѓе кои што знаат да го застанат ЕСМ на здрави нозе и на тој начин да го ослободи од партиско политичко влијание и да остави ЕСМ да работи многу попрофитабилно, отколку што работи сега. Секако, ако веќе целта е намалувањето на загубите на електричната енергија, ако целта е на зголемување на наплатата на електричната енергија, ако целта е внатрешна реорганизација, реструктуирање на ЕСМ кое што ќе значи зголемена профитабилност во работењето на компанијата. Зошто тоа не го прифаќа Владата, туку оди по секоја цена да изврши продажба на немалцински, туку мнозински пакет на ЕСМ. Или зошто не излезе јавно и да каже дека ние сакаме да продадеме 51% од ЕСМ, затоа што кога ги земавме тие 45 или 53 милиони долари, ние фактички почнавме со приватизацијата на ЕСМ и еден добар процент малцински пакет веќе ги продадовме на Европската банка за обнова и развој. На тој начин ние сме врзани со тој закон со тој договор и сега неможеме да ги продаваме посебно дистрибуциите, посебно производството или да ги одвојуваме некои други електрани од рамките на Електростопанство на Македонија. Или, ајде да направиме некоја друга математика. Ајде да направиме една математика со хидроелектраните. Хидроелектраните имаат околу 50 милиони евра годишен профит. Значи, создаваат 50 милиони пари на годишно ниво. Да, слободно може да проверите, толку се. Ако зборуваме за цената која што беше спомната за ЕСМ, фактички 300 до 400 милиони евра се добиваат за осум години само од хидроелектраните. Значи, за осум години хидроелектраните во Република Македонија создаваат вредност од 400 милиони евра, која што би ја добил идниот инвеститор, кој што се нарекува во ЕСМ како цена заедно со сите други објекти кои што се во сопственост на ЕСМ. Да не зборувам за далекуводи, да не зборувам за трафостаници, да не зборувам за сите оние објекти кои што претставуваат сопственост на ЕСМ. Значи, во целата оваа ситуација основниот аргумент кој што го кажува Владата на Република Македонија дека заради големите загуби, заради тешката наплата на електричната енергија, не претставува аргумент кој што може да доведе до продажба на ЕСМ на многу брз начин и без согледување на последиците од таа продажба.

Од друга страна немањето на обврска за идниот купувач на ЕСМ да инвестира во ЕСМ, како мислите дека тоа ќе значи одржување на системот односно зголемување на можностите за испорака за дистрибуција на електрична енергија и воопшто за пренос на електрична енергија во Република Македонија. Како ќе се реализираат работите во однос на конекцијата со другите држави. Зборуваме за пазарна електрична енергија, зборуваме за либерализација на пазарот, Значи, Владата има намера да го обврзе идниот инвеститор да вложува во ЕСМ односно во елетроенергетските објекти во Република Македонија, тогаш неопходно ќе биде да најде начин за да му ја созаде таа обврска. А, кој е тој начин, ако не да се докапитализира ЕСМ, а нему да му се даде еден малцински пакет кој што ќе биде основан за создавање на простор за докапитализација на ЕСМ, да речеме од 30, па да се доведе до една бројка до 51%и со изградба на конкретни проекти. На пример, обврска да се изгради Хидроелектрената “Чебрен”, или некои други објекти кои што значат навистина вложување да се изгради Брод Неотино, она што го кажуваат, како обврска зборувам. Значи, ако му да дадете малцински пакет, ако му дадете мнозински пакет и ако одите со модел на докапитализација вие имате шанса да му создадете на идниот инвеститор обврска да вложува. На овој начин, со продажбата на 51% од ЕСМ на Македонија вие ќе направите ужасна грешка како Влада и како владино мнозинство со продажбата на ЕСМ без никакви обврски за идниот инвеститор.

Гаранцијата дека Регулаторната комисија ќе ја утврди цената и таа ќе води сметка за социјалните аспекти на ситуацијата во Република Македонија апсолутно не држи затоа што тоа не е никаков гарант за влегување на било каков инвеститор во ЕСМ.

Значи, од сето ова досега кажано основното прашање веќе е одговорено, меѓутоа сакам да одговориме на главното прашање Прашањето е зошто референдум.

Прво, основната причина за поттикнувањето на оваа тема е нетранспарентноста на Владата. Владата до денес нема кажано со каков модел ќе оди при продажба на ЕСМ. Владата до овој момент не најдува за сходно ниту да дојде во овој Парламент и да им објасни на оние кои што ја бирале таа Влада, на Парламентот, на парламентарното мнозинство на опозицијата, на граѓаните на Република Македонија како мисли да го продава ЕСМ, што тоа ќе значи на социјален план, колку нови осиромашени граѓани ќе имаме заради тоа, колку ќе се покачи цената на електричната енергија, кои се последиците од оваа приватизација?

Владата работи нетранспарентно према никого. Ниту спрема нас како пратеници, ниту спрема позицијата, ниту спрема јавноста, ниту воопшто како медиумски пристап како отвореност на целиот овој процес на приватизација на ЕСМ. Значи, првата причина беше нетранспарентноста

на Владата.

Втората причина е, затоа што ние одиме во приватизација на ЕСМ без постоење на модел за приватизација. Модел не постои. Моделот го одлучува од дена на ден адхок согласно конкретните интереси и услови Владата на Република Македонија. Заради тоа што, ЕСМ не се продава заради подобрување на електроенергетскиот систем на Република Македонија и заради создавање на попрофитабилна работа на ЕСМ, заради заштита на вработените и нови инвестиции во електроенергетскиот сектор, туку затоа што и требаат пари на Владата на Република Македонија по секоја цена. И тоа, брзо, веднаш и до крајот на оваа година. Владата сака да го продаде ЕСМ до "Божик".

А кои се последиците од оваа приватизација? Значи, како што кажавме неминовно е покажување на цената на електричната енергија. Меѓутоа, максимализацијата на профитот ќе доведе до брзо и многу поголемо покачување на цената на електричната енергија. На почетокот на јуни, ќе се видиме и тука сме после јуни, а покачувањето на цената ќе биде од 30 до 40%. Јас сакам да излезе некој овде и да го демантира тоа. Впрочем, тоа го слушнавме и од вашиот колега во вчеерашното излагање, досегашниот заменик директор на ЕСМ, кој што кажа дека 30% треба да се покачи цената на електричната енергија. И, сигурно ќе се покачи.Што значи тоа за населението? Дали тоа не значи дополнително осиромашување на и онака сиромашното население. Кои мерки ќе бидат преземени за да се заштити тој социјален удар. Дали тоа не значи отпуштање на вработени од ЕСМ? Дали оваа приватизација која што сега се предлага не значи нови отпуштања. Дали тоа не значи дека оние ќе бидат отпуштени, се зборува од 4 до 5 илјади луѓе, дали тоа не значи дека тие како технолошки вишок треба да земаат надоместоци како социјални случаи и технолошки вишоци. Дали тие надоместоци ќе ги плаќаат граѓаните на оваа држава. Зошто овде ние немаме никаква анализа на тоа колку пари ќе бидат потребни за сите последици од продажбата на ЕСМ. А, посебна приказна е конкуренцијата на пазарот. Како што кажав МЕПСО сеуште не претставува независен оператор. Тој претставува само продолжена рака на ЕСМ, затоа што сето ова се прави за да се формализира постапката за приватизација на ЕСМ, а не суштински да се најде, да се постави либерален Пазар на енергија во Република Македонија. Затоа што, ако оваа Влада и ЕСМ сакаше да направи вистински независен оператор, сега меѓи себе ќе си ги фактурираа меѓусебните должничко-доверителски односи, ќе одеа со фактури, реални фактури, во кои што ЕСМ како дистрибутер на енергија ќе му плаќаше на МЕПСО, а МЕПСО ќе имаќе други односи со ЕСМ по различни основи. Меѓутоа, тоа значи и претпоставува дефинирана цена на електричната енергија. Ако имаше дефинирана цена на електричната енергија ќе се знаеше за колку таа ќе поскапи и требаше поскапувањето да го имаме пред локалните избори. Ако го имавме покачувањето на електричната енергија пред локалните избори ќе имаше негативен резултат владечката коалиција. Многу понегативен на локалните избори и затоа тоа се одложи за после локалните избори. Значи, се се работи со политички пресметки, а не за да се направи нешто што претставува долгорочна, стабилна, енергетска позиција во Република Македонија.

Прашањето со хидроелектраните, исто така, е мошне интересно прашање. Од една "цврста" позиција, дека ЕСМ ќе се продава во целина и 51% од него, наеднаш на седница на Влада слушаме дека хидроелектраните требало да се одвојат, меѓутоа, за тоа требало да се направат дополнителни анализи. Па, какви анализи треба да се направат, ве молам, кога само најновата хидроелектрана "Козјак", која што повеќе претставува водостопански објект, отколку енергетски објект чинеше 200 милиони долари. Толкава сума чинеше изградба на тој објект, сердатва кои сеуште ги плаќа и треба да ги плаќа Република Македонија.

Пред неколку денови имаше поставување на камент темелник на "Св. Петка" и тоа чини околу 70 милиони долари. Значи, само овие два објекти ако ги земеме чинат 270 милиони долари. Која ќе биде цената по која ќе бидат продадени електроенергетските објекти односно електроенергетскиот систем во Република Македонија. Која е цената, која е профитабилната основа, кој е нормалниот начин на размислување за продажбата. Ако веќе мора да се продаде по секоја цена заради некои пари, кои што треба да ги има Владата и да ги вложи за пред парламентарните избори во наредната година,верувајте, јас би ја замолил да не потегнува таков чекор, затоа што тој чекор нема да биде уништување само на опозиционите гласачи, на опозиционите симпатизери, туку тоа ќе биде уништување на целокупните социјални состојби во Република Македонија, на сите граѓани во Република Македонија.

Кога зборуваме за загубите на електрична енергија, имаше едно образложение дека загубите ќе се решеле, доколку се променат мерните инструменти. Се согласувам дека промената на мерните инструменти значи намалување на еден дел од некомерцијалните загуби. Меѓутоа, вие имате загуба од 65 до 70% на електрична енергија само во Велешта. Имаше еден таков поддаток и излезе на А1 Телевизија пред определен временски период. Неспособност да се намали тој процент на загуби, апсолутно нема никаква врска со мерните инструменти.

Значи, се работи за нешто друго. Вие имате мерни инструменти што се наоѓаат внатре во домовите на луѓето. Вие знаете дека согласно Уставот на Република Македонија не смее, таму имаме начело на неповредливост на домот, значи не може вработениот во Електростопанство на Македонија да влезе насилно во ничиј дом. А тоа, што значи? Значи дека оној кој краде не може да

биде контролиран дали краде или не краде. Тоа е едната работа.

Втората работа, ако некој, биде утврдено, дека краде електрична енергија, како Република Македонија денеска се справува со тој човек, со тој крадец на електрична енергија? Електростопанство на Македонија може само да поднесе кривична пријава до Јавното обвинителство или директно до судовите и тие треба по две или три или четири години да донесат некаква пресуда, што се сведува на условна осуда, а верувајте кражбата на електрична енергија што се врши никогаш не е помала од 500, од 1000 евра.

Имајки ја предвид ефикасноста на судовите во Република Македонија, траењето на постапките пред судовите и казните што ги изрекуваат судиите, верувајте дека на тој начин не се решава, само со промената на мерни инструменти не се решава прашањето на загубите на електрична енергија.

Да не зборувам за други инцидентни ситуации, каде што вработените во Електростопанство на Македонија насилно, без никаква заштита се бркани, изгонувани од домовите каде треба да контролираат и на тој начин фактички се попречува нивната работа и во поглед на наплатата на неплатената, а фактурирана реализирана електрична енергија, меѓутоа и во поглед на контролата на загубата на електричната енергија.

И, што потоа? Под петпоставка дека продажбата на Електростопанство на Македонија ќе значи подобрување на состојбата со загубите, односно намалувањето на загубите на електрична енергија, што ќе биде со ненаплатената електрична енергија? Како вие мислите дека ќе се направи ефикасна наплата на електричната енергија? Со кој концепт?

Ние треба да кажеме која ќе биде цената, треба да му ја продадеме енергијата, ако не ни плати ќе мора да ни плати, меѓутоа, начинот на кој што тој ќе ја врши наплатата е начин што ќе си го определи самиот приватен сопственик на Електростопанство на Македонија. А, тоа значи купување посовремени газиени ламби за огромен број на семејства во Република Македонија што во овој момент должат по неколку сметки, најмалку по неколку сметки за електрична енергија. Тоа значи ставање во истата таа корпа или кошница на многу други семејства кои сега по оваа цена успеваат некако и покрај сиромаштијата да ја плаќаат електричната енергија, меѓутоа со новата цена на електричната енергија ќе ја немаат таа можност. Тоа значи затворање на многу фирми што имаат циклус на работа што не дозволува тековно плаќање на електричната енергија, туку тоа значи прво плати и енергија па потоа оди во бизнисот и тоа ќе значи пресек од кој што директно ќе страдаат многу економски субјекти, многу фирми што директно ќе се одрази на социјалната состојба во Република Македонија, затоа што тие прво ќе удрат на основните трошоци што ги имаат. Основните трошоци се за плати, придонеси и таков вид на давачки.

Другата импликација од покачувањето на електричната енергија ќе биде во поглед на покачувањето и на цените на останатите производи, каде што енергијата влегува во цената на чинење на конкретниот производ.

Владата, во овој процес гледа само колку пари би заработила од продажбата на Електростопанство на Македонија, меѓутоа не дава никаква или не покажува никаква анализа за овие видови на импликации од продажбата на Електростопанство односно од покачување на цената на електричната енергија.

Значи, со приватизацијата јас ви гарантирам дека нема да се решат ниту прашањето на загубите, туку ќе се компликуваат дополнително внатрешните состојби во Република Македонија. И во контекст на лошата наплата, нема ниту лошата наплата да биде решенеа, затоа што тоа може да се реши единствено со исклучување на потрошувачите од мрежата, а оној кој нема да плати сакате исклучете го, сакате не, тој нема да може да плати. Единствено што ќе биде, ќе се намали потрошувачката, односно количината на електрична енергија што ја трошат потрошувачите.

Прашањата на либерализација на пазарот сигурно дека се однесуваат и во поглед на оние, ФЕНИ, СИЛ-МАК, оние железари во Скопје кои користат повластена цена на електричната енергија.

Дали со либерализацијата на пазарот, односно со можноста тие субјекти самостојно да набавуваат електрична енергија ќе значи дефинирање на пазарна цена на електричната енергија или Регулаторната комисија го има решено и ова прашање, односно цената на овие дирекни потрошувачи ќе биде за сите како останатите или ќе бидат и понатаму со привелигиран статус.

Прашања има и други.

Од сето ова до сега кажано сметам дека, покрај сета одбојност што ја има парламентарното мнозинство за прифаќање на оваа иницијатива за распишување на референдум, сметам дека граѓаните доволно слушнаа и доволно ќе слушнат за тоа што за нив значи приватизацијата на Електростопанство на Македонија на овој начин, затоа што тие ќе ја платат цената на оваа приватизација. Цената, покрај нив ќе ја платат и вработентие во Електростопанство на Македонија, цената ќе ја платат и сите оние граѓани кои плаѓаат даноци од чии средства ќе се плаќаат социјалните давачки за отпуштените работници и за покачените цени на останатите производи што зависат од цената на електричната енергија. Тоа ќе значи дека Германија и Словенија, кои што претставуваат членки на Европската унија, а се откажаа од приватизацијата на нивните електроенергетски системи, направиле погрешен чекор за разлика од Република Македонија што се наоѓа во економска

катастрофа а од друга страна го продава највредното во нејзината економија. Тоа ќе значи дека ненаплатените сметки и фактури нема повеќе да бидат на товар на државата, туку ќе бидат на товар на некој кој ќе биде инвеститор, а ќе ги наплати, сигурно. Тоа ќе значи дека Електростопанство на Македонија нема повеќе да може да донесува како оние што ги донело на 8.11.2004 година и на 13.10.2004 година каде што отпишува камати и спорни побарувања. За пример ќе ви го кажам вториот отпис. Најголем износ, 66 милиони денари, 760.496 денари само за Електродистрибуција Тетово, 34.000.891 денар за Електродистрибуција Скопје, 59.366.000 денари за Електродистрибуција Куманово и т.н. и т.н.

Кој му даде право на Управниот одбо на Електростопанство на Македонија да прави вакви загуби во работењето на Електростопанство на Македонија? Од каде произлегуваат овие спорни побарувања? Какви се тие камати што се отпишуваат?

Кажав само неколку примери, затоа што сумата ако ја земете во целина, навистина претставува бројка од која што треба да им се крене косата на главата на сите оние редовни плаќачи на електрична енергија во Република Македонија.

Не сакајки да должам повеќе, сметам дека она што го кажав е доволно. За овие отписи сигурно дека заменикот генерален директор на Електростопанство на Македонија може да каже повеќе, затоа што во тоа време колегата беше заменик генерален директор на Електростопанство на Македонија, а во однос на цената што ќе ја платат граѓаните на Република Македонија ќе имаме време да дискутираме и со конкретни бројки.

Затоа не треба да се поставува прашањето дали некој е за или против приватизација, туку дали е за вакви последици какви што ќе се случат со оваква приватизација или е против оваков вид на приватизација и дали е за создавање на ефикасен електроенергетски систем за снабдување и почитување на интересите, на економските и на домаќинствата, мислам на економските субјекти и домаќинствата во Република Македонија и за економијата на државата во целина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Во времето додека господинот Стојаноски дискутираше пријавена е госпоѓа Борозан за реплика, Глигоријевски, Јаневска Цветле, Владо Илиевски и еден непријавен.

Повелете госпоѓо Борозан имате три минути реплика.

**Весна Борозан:** Благодарам.

Колегата Стојаноски беше коректен, барем во својот говор доста време посвети на самиот закон, што е предмет на референдумот. Меѓутоа, со искажувањето само ја потврди нашата теза дека предлагачите за цел имаат одлагање на приватизацијата, а дека всушност не се против приватизација. Затоа што факт е дека правото да го спроведе процесот на приватизација, на Владата и останува според Законот за трговски друштва.

Целта на сето ова што се случува деновиве во Собранието е пролонгирање на рокот на приватизацијата.

Во понатамошното излагање имаше доста прашања и коментари што ме провоцираат и како професор по пазари на електрична енергија и како политичар да му одговорам, така што не можам да се одлучам што побрзо.

Како професор, ме провоцира да кажам, да му објаснам уште еднаш како пазарот ќе функционира, или тоа дека повластените големи потрошувачи се повластени не затоа што имаат ниска цена, загарантирана од државата, туку затоа што ќе можат да одат на пазар и сами да се снабдуваат со електрична енергија и дека тие немаат врска со Регулаторната комисија.

Како политичар, сакам да му кажам дека е неверојатна неговата трансформација во крајно лева партија, со залагања да оној кој ќе објави дека нема доволно пари, дека може да не си ги плаќа сметките за електрична енергија и дека некако државата треба да застане зад тие кои не плаќаат сметки, да го искомпензира тоа. Мислам дека тоа навистина не ми е јасно како залагање.

Меѓутоа, од сите тие коментари, мислам дека е најбитно во овој момент да појасниме, неговото искажување дека Владата го продава ЕСМ без обврска инвеститорот да инвестира. Тоа не е вистина. Во самиот тендер е предвидено барање од идниот инвеститор дека ќе ги заврши незавршените објекти, а тоа се пред се Брод-Неотино и хидроелектраната “Света Петка”. Тоа е обврска за инвеститорот, затоа што за овие објекти постојат прецизни проекти.

Инаку, предлогот со докапитализација, сведоци сме во многу приватизациони постапки дека со докапитализацијата всушност се овозможува да се направат најголеми финансиски шпекулации во поглед на вредноста на акциите и во поглед на утврдување на цената на продажбата. Затоа што нема проекти, нема однапред утврдена цена на она што се докапитализира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Борозан.

Една минута контра реплика господинот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Вака госпоѓо Борозан. Ние не сме за ваква приватизација. Ние не сме за приватизација која ќе има последици, кои ги набројав во мојот говор. Значи, ние не сме за пролонгирање на ваква приватизација, туку ние не сме за ваква приватизација. Ние сме за создавање на поповолни услови за функционирање на ЕСМ, за создавање на една анализа во која нема да има последици ниту за економијата, ниту за граѓаните на Република

Македонија, ниту за вработените во ЕСМ и за почитување на економските законитости во работењето на ЕСМ, со вложувања кои ќе значат почитување на државниот интерес односно создавање на нови вредности кои ќе значат подобрување на електроенергетскиот систем на Република Македонија.

Во однос на обврските на Брод Неотино...

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

За реплика е господинот Владо Илиевски. Но со оглед на тоа што е пријавен за дискусија, да се задржи редот, после Илија Китаноски е Владо Илиевски.

Повелете господине Илиевски три минути реплика.

**Владо Илиевски:** Сметам дека дискутантите од опозицијата, во последно време, во недостиг на аргументи, почнуваат да кажуваат извртени приказни. Сите дискусии што ги имавме и сите аргументи што ги изнесовме, ги испревртуваат се со цел да направат некоја забуна кај граѓаните во Република Македонија, а се со единствена цел да се пролонгира овој рок, да се оддолговлечи времето, со цел да се дојде до добивање на време.

Јас само за неколку работи би се осврнал, на она што претходниот дискутант го говореше.

Прво, говореше за негативното работење на ЕСМ. Веројатно она што досега тие цело време го зборуваат за негативното работење, се однесува за нивното работење и сметам дека во право се. Тие го оставија ЕСМ, во 2002 година, навистина во ситуација во која и после три години не можеме да го застанеме на нозе. Меѓутоа, ако се направи финансиска пресметка и пресек на онаа состојба што ја оставија и онаа состојба во која сега е ЕСМ, навистина може да споредуваат, оние кои сакаат да ги гледаат вистинсктие резултати. Оние пак кои не сакаат да ги гледаат вистинските резултати, може да ја користат говорницата во Собранието, за кажување на демагогии.

И покрај тоа што го застанавме на нозе, и понатаму почнавме да инвестираме и да градиме во ЕСМ. Од една страна не прашуваат зошто не инвестираме, од друга страна не прашуваат зошто се гради Света Петка. Од една страна не прашуваат зошто рудникот Брод Неотино не се отвара, од друга страна можеме да потврдиме, покрај тоа што ја направивме модернизацијата, што ја договоривме модернизацијата на турбините во РЕК Битола, отпочнато е и со изградба, отворање на рудникот, Брод -Неотино и како што видовме пред некое време, се удри камен темелникот на далеководот до рудникот Брод- Неотино, однесени се дел од опремата за отпочнување, за ископ и отворање на новиот рудник.

Исто така, сакам да кажам дека онаа наплата што ја оставија тие и со онаа наплата со која стигнаа во 2002 година, до висина од 35%, може сега да погледаат до која висина на наплата ние достигнавме. Меѓутоа, тежината во наплатата тие ја знаат која е. Граѓаните, потрошувачите на електрична енергија тие ги поделија на два дела, привелигирани, кои не мораат да плаќаат електрична енергија и оние кои мораат да плаќаат. Сега што се случи: 2002 година, овие 4 години ние требаше да ја наплатиме енергијата што ја користеа потрошувачите претходните 4 години и плус тековното трошење на електричната енергија. Замислете, кој стандард во Македонија може да го издржи тоа и после сето тоа уште фрлаат дрвја и камења врз нас. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Илиевски.

Повелете господине Стојаноски имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Со оглед на она што го кажа господинот Илиевски, јас заклучив дека ЕСМ успешно работи. Ако успешно работи, тогаш која е причината што Владата вели дека има големи загуби, дека има тешка наплата на електричната енергија. Значи тие сеуште живеат во некое време, порано на Владата на Ѓорѓиевски, кога “се беше лошо”, а сега “се е добро”, а пак го продаваат. Нема некоја логика во неговото искажување. Меѓутоа, само како илустрација.

Далеководот Штип-Дуброво, една поранешна гарнитура на ЕСМ го направи без кредит. Таа гарнитура не отпишуваше долгови кои се во милионски износи. Во тоа време исто така имаше тешка наплата во некои региони, меѓутоа не загуби 75% на електричната енергија што се испорачуваше. Суштината на сето ова е дека ...

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски,

Следен за реплика е господинот Томо Глигоријевски.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Господине Стојаноски, случајно со мене ја имам Одлуката потпишана од двајца директори во ЕСМ, за спорните побарувања. Бидејки е долга, ќе ви ја дадам после, повеќе не ми треба. Ќе ви го прочитам само убодот.

“Стручните служби на АД ЕСМ, како обврска која произлегува од заклучоците на Управниот одбор, број тој и тој, од 28.03.2002 година, значи за време на старат власт, точка 6 став 2, како и заклучоците на колегиумот на генералниот директор, од 18.03.2003 година, значи од новото раководство, ги дефинира критериумите по кои ќе се врши отпис на парични побарувања, со цел овозможување на нивна еднозначност и полесна операционализација во секоја подружница...”

Да не читам повеќе, ќе ви ја дадам па ќе ја прочитате. Наведени се 14 критериуми, некои делумно предложени од стариот Управен одбор и доработени од колегиумот на генералниот директор од новиот состав сега што е.

Инаку, кои спорни побарувања се отпишуваат. Да ви кажам се отпишуваат спорни побарувања за

домаќинства, кои се постари од една година, а не оптужени, затоа што така вика Законот, а за правните субјекти, постари од 3 години, а не оптужени. Сите тие ги наследивме од старото време, затоа што и денес што имаме проблеми со наплата во поедини региони, е затоа што на луѓето им било ветувано, ако го дадат својот глас за вашата тогашна партија, не ќе мора да плаќаат електрична енергија.

Останатото време ќе го искористам за другото што го кажавте.

Јас вчера кажав дека по мои согледувања, врз база на 4,1 и 4,3 трошковна и продажна средна цена, цената е депласирана 5% во старт и ако земеме предвид 10%, дека нема 100% наплата, бидејки влегува фактурирана вредност на електрична енергија во плановите, а имаме стара 10. Значи 5 плус 10 равно е 15 и можеби, со овие плански вредности уште 5%, тоа е 20. И кажав дека со 15 до 20% поголема цена, Електростопанство би работело релаксирано, а не дека ќе се качи. Не сум јас тој што треба да кажувам дали ќе се качи, дали нема да се качи и дека 30%, и по анализа на некои други луѓе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Повелете господине Стојаноски една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Моето основно прашање беше за колку ја подобри наплатата на електричната енергија овој отпис на побарувања, од страна на Управниот одбор на ЕСМ. Дали тоа значи, со создавање на загуба на ЕСМ, се прикажува подобра наплата на електрична енергија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Три минути реплика госпоѓа Цветле Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Очигледно, колегата пратеник, сега како бивш раководител на Електродистрибуција Прилеп, даде успешен пресек на состојбите во ЕСМ, освен во некои делови каде сакаше да ги изврти по малку работите. Меѓутоа, јас сакам да констатирам дека не им е чесна намерата, како предлагачи на оваа одлука. Во што ја гледаме чесноста?

Знаејки ја реалната состојбат што владее во ЕСМ, мислам дека начинот, на граѓаните да го префрлат референдумското изјаснување за или против приватизацијата, е на ЕСМ, само искажуваат неспремност да ја понесат одговорнсота за една вака сложена приватизација. Мислам дека оттука и моделот преку кој ја наметнаа темата не го избраа соодветно. Сакаа само да загонетнат прашања и да поентираат популистички, затоа што и процедуралните прашања кои се однесуваа на неприсуство на Владата, мислам, ако сакаа да го обезбедат тоа, ќе имаше друг облик, ќе имаше информација и ќе сакавме да го дадеме својот придонес, овде да развиеме полемика за сите значајни прашања и како пратеници ќе дадевме придонес и во изборот на моделот и во изборот на условите за тендерска документација и тендерските услови. Затоа, сакам да кажам и да му се обратам на колегата пратеник дека никогаш не се прават потполни реформи со “лет во место”.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Повелете господине Стојаноски имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Јас не можам да ја дефинирам како нечесна намерата, на еден демократски начин да се провери една одлука од страна на Влада, што треба да работи во интерес на државата и во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Ако е нечесна намера да се побара од Парламентот да им дозволи на граѓаните на Република Македонија да оценат дали сакаат да гласаат и да дадат подршка за приватизација на ЕСМ што ќе значи отпуштање на вработени од ЕСМ, недостаток од нови вложувања во ЕСМ, повисоки цени на електричната енергија и нови социјални давачки, тогаш, верувајте, јас не можам да ја дефинирам нашата намера како нечесна.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Со оглед на тоа што реков има многу пријавени, еден непријавен, што не може заради системот да се пријавам, имам три минути реплика.

Дами и господа, воопшто не сакам да се свати дека со мојата реплика бранам ова или она раководство, на било која иснтитуција, со оглед на тоа и кога дискутирав тоа го кажав. Но, со оглед на тоа што предлагачите немаат други аргументи, сакаат да ја искриват ситуацијата и така нека дискутираат.

Јас, со господин Стојаноски, ако ги гледам парцијално неговите залагања по однос на прашањето кое ни е на дневен ред, како што беа изнесени и велам ако, го гледаме независно едно од друго, со многу работи ќе се согласам.

На пример, господин Стојаноски вели, прво ја потврди мојата теза од првата дискусија дека во Република Македонија јавните иснтитуции не можат да се ослободат од партиско-политичко менаџирање.

Мене ми е драго, иако некој вчера запалени дискутанти сакаа тоа да го порекнат. Но драго ми е што тоа го потврдивте. Но, веднаш после тоа кажувате дека треба да имаме менаџери од странство и дека може на еден таков начин да се постигне успех. Се согласувам господине Стојановски, тоа е точно, така може. Но, ако тоа го направиме и што јас ве поддржувам целосно да го направиме, тогаш ќе ви паднат во вода сите оние подоцнежни заклучоци и она што вие го дискутиравте за социјалниот аспект на прашањето за кое што дискутираме. Еве, ќе ви кажам зошто ќе ви паднат во вода. Првото ваше кое што велите дека сте за референдум, против постоечкиот начин на трансформација е заради

тоа што новиот инвеститор, или новиот кој што ќе го купи  Електростопанство на Македонија ќе се залага за профит. И тоа е точно. Но само да ви кажам едно. И тој странски менаџер кој што ќе го донесете првиот услов кој што треба да му биде поставен и во теорија и во пракса е да овозможи профит во фирмата во која што ќе работи. Што значи дека вие на друг начин ќе ги спроведете сите мерки кои што се предвидени со трансформацијата, но само за тоа што ќе ставите странски менаџер.

Сега уште нешто да ви кажам. Пред мене ги имам, со оглед на тоа што сакав да расправаме на некои аргументи, но со оглед на времето не можам, ќе ви ги доставам сите податоци како се работело во 1998 година кои резултати ги имало Електростопанство на Македонија, кои резултати ги имало во 2002 година, кои резултати ги има во 2004 година. Ќе ви кажам само два податока. Наплата во 1998 пред смената на раководството 90,3%, 2002 година 47% кога заминале вашите, точно до бројка е ова извадено од податоците. Во дискусијата ќе ви ги изнесам сите. Велам уште еднаш, не бранам ниедно раководство, но податоците се непомирливи.

(Господинот Мавровски дофрлува од место)

Господине Мавровски, ако може да не дофрлувате. Ќе си одам јас таму каде што треба, не се секирајте вие. А вие ќе си одите таму еден ден каде што треба.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** Јас сум  среќен што можеме да се согласиме околу една работа дека оној што ќе вложи, ќе вложи за профит и ќе сака да оствари што поголем профит, дека цената за неговиот профит треба да ја платат граѓаните на Република Македонија, затоа што Владата ќе ги тргне рацете од работењето на Електростопанство на Македонија. Начинот на контрола на тој кој што ќе вложи во Електростопанство на Македонија треба да го врши Регулаторната комисија со утврдување на цени кои што треба да ги наметне како цени на електричната енергија. Меѓутоа, факт е едно дека монополската позиција на Електростопанство на Македонија ќе му дозволи на новиот инвеститор да прави работи кои што ќе значат прифаќање на неговите услови. Имате пример со Телеком и основната причина заради која што велиме приватизација не може да се прави без либерализиран пазар, тоа е затоа што со монополската позиција се менува само еден монопол од државен станува приватен, а не се постигнува буквално ништо во поглед на либерален пазар на конкуренција и на можност да се купува поевтина енергија од странство, или од било која граница која што доаѓа на Република Македонија. Значи, јас ако сакам сега да купам струја, не можам, затоа што нема пас, морам да купам од  Електростопанство на Македонија по цени кои што ќе ги наметне приватниот инвеститор, односно кои што ќе бидат дефинирани од страна на Регулаторната комисија. Од тие причини сметам дека приватизацијата не може да оди вака како што планира Владата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Преструктуирањето на Електростопанство на Македонија како и на целиот електроенергетски сектор е секако процес кој што е потребен и предвиден со европските директиви поврзани со енергетскиот сектор на кој што сме обврзани во согласност со превземените обврски и тоа е така. Меѓутоа, приватизацијата односно продажбата на Електростопанство на Македонија е процес кој што со ниедна европска директива не е услов за приближување на Република Македонија кон Европската унија, односно никаде не стои наша обврска да извршиме приватизација на Електростопанство на Македонија, туку напротив во преамбулата на директивата 54 од 2003 година се укажува дека процесите на реструктуирање и правно раздвојување на дејностите во електроенергетскиот сектор не треба да имплицираат и промена на сопственоста. Потребно е процесот на реструктуирање на Електростопанство на Македонија и приватизацијата на Електростопанство на Македонија да се раздвојат, затоа што тоа се два независни процеси. И тука има уште еден трет процес на кој што Владата очигледно треба многу повеќе да посвети внимание, а тоа е процесот на либерализација и реструктуирање на електроенергетскиот сектор. Значи, во овој момент ниту еден од поголемите потрошувачи во Македонија не е подготвен да излезе на отворен пазар и сосема самостојно да ја набавува електричната енергија што му е потребна. Во овој момент исто така, нема ниту еден независен производител на електрична енергија, ниту се создадени предуслови за било каков пазар на електрична енергија. Тоа значи дека од процесите на реструктуирање на електроенергетскиот сектор, либерализацијата и приватизацијата Владата со досегашните активности единствено го води процесот на проста продажба на Електростопанство на Македонија. Она што е потребно да се започне се измените во примарната и секундарната законска регулатива. Треба да се направат измени и дополнувања во Законот за енергетика кој што веќе експресно го добивме минатите два дена и веројатно експресно ќе биде ставен на наредната седница, или да се изработи целосно нов закон, бидејќи од она што успеавме да го видиме, односно кој успеал да види, се работи за навистина доста обемни измени кои што можеби подобро би биле содржани во еден нов закон. Исто така, треба да се определат тарифните системи за сите категории на потрошувачи, закон за пазар на електрична енергија, издавање на лиценци за веќе формираните две претпријатија, мрежните правила итн. Потребно е Регулаторната комисија да започне со издавање на лиценци за веќе

постојните и идните субјекти во електроенергетскиот сектор и нивно заживување во вистинска смисла на зборот. Во ниедна земја почитувани колеги во втората синхрона зона каде се наоѓа и нашето Електростопанство со сосема мали исклучоци не е ниту започнат процесот на приватизација. Во поедини земји е само започнат процесот на реструктуирање преку донесување на соодветни закони. На пример, во Република Грција врз база на европските директиви направено е формално издвојување на секторот за пренос и управување од секторот за производство на електрична енергија, но и двата сектори се во државна сопственост. Притоа паралелно Република Грција го има либерализирано пазарот на електрична енергија во висина од околу 30% со точно дефинирани правила за функционирање на тој либерализиран пазар. Во Република Бугарија пазарот е либерализиран околу 15% и како што е познато извршена е приватизација на одделни делови од електроенергетскиот систем што се оценети како непрофитабилни и се приватизирани повеќе како пилот проекти. Во Република Хрватска која што веќе има развиен пазар и е изготвена комплетна примарна и секундарна законска регулатива процесот на приватизација е стопиран и донесена е одлука истиот да продолжи откако Хрватска ќе стане полноправна членка на Европската унија. Словенија која што веќе е членка на Европската унија сеуште не размислува за приватизација на своето Електростопанство. Република Србија доби препорака од Светската банка да не оди со процес на приватизација на своето Електростопанство. Република Македонија нема направено сеуште никакви измени во примарната и секундарната законска регулатива освен што е формирана Регулаторната комисија која што сеуште нема започнато сериозно да работи на оваа проблематика, така што навистина не може да стане збор дека постојат основните предуслови за либерализиран пазар, односно за приватизација на Електростопанство на Македонија. Според сите европски директиви врзани за енергетскиот сектор никаде не стои обврска за приватизација на Електростопанство на Македонија и мислам дека тој аргумент еднаш да престане да се употребува. Сите препораки, сите обврски преземени од овие европски директиви се однесуваат на хармонизација на нашата примарна и секундарна законска регулатива кон европската, како и реструктуирање на електро компаниите, електро енергетските сектори што и се прави, формирање на пазар на електрична енергија и друго. Но, децидно никаде приватизација. Кај нас оваа хармонизација очигледно доцни. Се кажа претходно дека постојниот Закон за енергетика е во директна колизија со усвоениот закон за преобразба на Електростопанство на Македонија, а еве во процедура во Собранието веќе ќе го имаме законот за енергетика и тоа доста симптоматичо во скратена постапка. Значи формирањето и активната работа на пазарот на енергија е обврска што е преземена со Европските директиви. И тоа е една од основните обврски. Голема грешка ќе биде ако се изврши приватизација на Електростопанство на Македонија во услови на негова монополска улога на пазарот на електрична енергија. Само формалното раздвојување на Електростопанство на Македонија на ново Електростопанство и МЕПСО фактички нема ништо да смени во однос на монополската поставеност. Не се обезбедува суштинска ниту контрола на цените, ниту конкуренција. Дури кога ќе имаме независни производители на електрична енергија, дури по заживување на пазарот на енергија може да се пристапи кон овој процес. Во спротивно негативните ефекти ќе бидат драстично лоши. Процесите на приватизација, па дури и процесите на реструктуирање и либерализација се во голема стагнација после паѓањето на електроенергетските системи во Соединетите Американски Држави, Данска и особено Италија кои што се случија во последните 2,3 години. Сега сите држави го очекуваат дефинирањето на директивата на Европската унија што сега се изработува, а го третира прашањето на сигурноста на снабдување со енергија во услови на либерализиран пазар. Никаде во Европската унија во овој момент ниту се размислува за некаков процес на приватизација заради тоа што се покажува дека снабдувањето со електрична енергија е несигурно, ако без добра законска регулатива се оди дури и во процес на престуктуирање, а уште повеќе во процес на приватизација. Сите досега направени приватизации во Европската унија кои што се над 50%, примерот со Унгарија, се оценуваат како крајно негативни од релевантни меѓународни институции. Позитивни примери за приватизација се оние во кои се приватизирани под 51% при што управувачкиот пакет на акции е можно да се добие или со директно инвестирање или со докапитализација и други слични модели. На тој начин е заштитен и интересот на државата и интересот на потрошувачите и интересот на вработените. Позитивно се оценуваат исто така и моделите во кои доминантниот пакет на акции од 51% останал државен, а преостанатиот дел е поделен на повеќе компании во различен соодност. За да почне приватизацијата на Електростопанство на Македонија потребно е да се направат уште неколку анализи, а пред се анализа на влијанието на секундарните негативни ефекти од приватизацијата. Ние мора да се соочиме со фактот дека во овој момент во Република Македонија постои диспаритет на цените на енергентите при што цената на електричната енергија сеуште се држи ниска и е социјална категорија со која Владата донекаде го одржува социјалниот мир. Во случај на приватизација на Електростопанство на Македонија цената на електричната енергија веднаш ќе се покачи зависно од искажувањата, меѓутоа сите се согласуваме дека цената ќе се покачи од 30 до 70% во наредните неколку месеци, а после тоа веројатно и повеќе од 100%. Тоа би довело до крах на и онака кревкото

стопанство во Република Македонија и до драстично осигомашување на населението и зголемување на бројот на социјалните случаи. И онака стопанството на  Република Македонија и сега е во колапс. Што за таквото стопанство ќе значи пораст на цените на електричната енергија од 50% и 70%, навистина не е тешко да се претпостави.

Она за што посебно сакам да дискутирам е проблемот околу кој и Владата во последно време реферираше во својот став, а тоа е продажбата, или приватизацијата на хидроцентралите. Факт е дека целокупната македонска стручна и научна јавност и целокупната медиумска јавност и граѓаните на Република Македонија, па и добар дел на кругови во владеачкото мнозинство и во Владата се согласуваат дека хидроцентралите во Република Македонија во никој случај не смеат да се приватизираат. Во хидроцентралите од водата како природен обновлив ресурс се прават пари. Производната цена на еден киловат час електрична енергија од една хидроцентрала е најниска, а продажната цена на таа енергија е највисока заради тоа што со неа се покриваат врвовите во дијаграмот на потрошувачка на енергија. Уште повеќе, хидроенергијата е обновлив извор на енергија, еколошки е најчист и највреден енергетски извор од аспект на зачувување на животната средина. Може да се заклучи што е и општо познат факт дека хидроелектричните централи даваат најевтина, највредна, обновлива и еколошки чиста енергија што значи тие се најпрофитабилни електроенергетски капацитети. Тие во исто време се и производни капацитети што временски и технолошки практично не застаруваат. Покрај редовното евтино одржување потребна е нивна ревитализација на секои  25 до 30 години по што тие продолжуваат со нормална работа во следните две до три децении. Водата како природен обновлив ресурс овозможува хидроелектричните централи да имаат практично неограничен век на траење. Шесте големи хидроелектрани во Електростопанството на Македонија се штотуку ревитализирани со кредит од Светската банка во висина од околу 60 милиони долари и се во одлична состојба т.е. практично се нови. Хидроелектричната централа “Козјак” е нова хидроцентрала чиј технички прием е закажан за март 2005 година, а помина, така што во составот на  Електростопанство сите големи хидро електрични централи како производители на електрична енергија се или нови, или ревитализирани.

Она што третирајќи ја оваа проблематика треба навистина дополнително да се разјасни и тоа со дополнување на законската регулатива е регулирање на концесијата на природните богатства како што се јагленот и водите кои што се најголеми енергенти за производство на електрична енергија во Република Македонија. Во овој момент за жал не постои јасен и применлив закон за концесии на природните ресурси со кои располага Република Македонија. Доказ за ова е и тоа што иако постои интерес за приватно инвестирање во градба на хидро електрични централи, вакви не се градат помеѓу другото и заради тоа што Законот за концесии на водата е нејасен и практично неприменлив. И за тоа имаме веќе во собраниска процедура измени во Законот за водите.

Меѓутоа, за илустрација, сегашната пазарна вредност на стручно потврдените резерви на јаглен со кои располага само РЕК “Битола” изнесуваат над една милијарда долари. Како ќе се издаде концесија на овие енергетски извори? Од друга страна за водните ресурси практично е невозможно и со постојните законски измени предвидени со новиот Закон за води да се формира цена на овој ресурс на водата на подолг временски период, затоа што се очекува во наредните две до три децении водата да стане ресурс поскап и од нафтата. Во јавноста веќе е создаден впечаток дека Владата брза со приватизација на Електростопанство на Македонија до крајот на годината за да обезбеди средства со кои би се обидела да направи некаков развоен циклус во 2006 година, бидејќи е изборна година. Меѓутоа, сметам дека ако е ова идеата водилка, дека ќе се постигне контра ефект и процесот на приватизација ќе има неколку негативни секундарни ефекти кои што претходно ги споменав, ќе има отпуштања на работници од Електростопанство, ќе има отпуштања на вработени од големите индустриски капацитети кои што се големи корисници на електрична струја, ќе има дополнително масовно осиромашување, односно удар во стандардот на населението, затоа што и ваквата сегашна цена на електричната енергија голем дел од домаќинствата не можат редовно да ја плаќаат. Понатаму, можно е според проценка на инвеститор и на купецот затворање на одредени погони што исто така ќе значи затворање на капацитети во одредени делови на Република Македонија кои што едноставно значат живот за целокупното стопанство во тој регион.

Како заклучок, значи пред да се пристапи кон приватизацијата на Електростопанство претходно треба да се направат соодветни научно и стручно потврдени анализи за моменталната состојба и вредноста на објектите со кои располага Електростопанство на Македонија. Ваквите анализи треба да бидат широко прифатени од научната и од стручната јавност во Република Македонија, како и да се постигне поширок политички консензус за процесот на приватизација. Потребно е да се изработи и студија за ефектите, за секундарните ефекти, позитивни и негативни што се очекуваат од приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Процесите на преструктуирање и приватизација треба да се раздвојат и првенствено да се заврши процесот на преструктуирање и либерализација на пазарот на електрична енергија, а потоа да се анализираат условите и моделите за можна приватизација  на Електростопанство на Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Китаноски.

Повелете госпоѓо Боразан имате три минути реплика.

**Весна Борозан:** Господинот Китаноски покажа завидно познавање од областа на европското право и европските директиви и мораме да истакнеме тука дека  е придонес во дискусијата кон прашањето за референдум. Мислам дека знам кој го советувал за овој говор и  може да го поздрави нашиот заеднички пријател.

Меѓутоа, ако веќе сака да дискутираме на тоа ниво, морам да истакнам дека европските директиви, конкретно зборувавме тука за директивата 54 од 2003 година, се однесува за европските граѓани, значи за земјите членки на Европската унија. Таму навистина не се прави никаква разлика во поглед на сопственоста на компаниите од електробизнисот. Меѓутоа, стрикно, тоа е веќе прашање што е надминато во Европската унија, се води сметка претпријатијата да работат исклучиво на економски и комерцијални основи. Тоа веќе е применето во Европската унија.

Во земји, како што е Македонија кои не се членки, а имаат таква амбиција, Европската унија донесува посебни акти, конкретно во рака ја имамт Одлуката на Советот на минситри од 14 јуни 2004 година, што се однесува на европското партнерство со Македонија и во делот за енергија. Тука е потврден досегашниот развој на реформата, досегашните придонеси и меѓу другото, во последната, се вика да се заврши со формирање на МЕПСО, што во меѓувреме веќе е завршено.

Последната реченица вика “да се продолжат реформите (приватизацијата на електроенергетскиот сектор)”. Еве ја Одлуката на Советот на европски министри, можам да му ја дадам на увид. штом се занимава со анализа на Европските документи, ќе може да го проучи и овој документ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китаноски имате една минута контра реплика.

**Илија Китаноски:** Ако веќе ги земаме како земји со кои можеме да се споредуваме, земјите како што се Бугарија, Хрватска, Србија, Словенија е веќе во Европската унија, тогаш и кај Бугарија и кај Хрватска и кај Србија сеуште немаме процес на приватизација односно не во ваков обем и по ваков модел како што се предлага кај нас, односно сеуште официјално го немаме тој предлог, бидејки еве, неколку недели веќе имаме дилеми во самата Влада. Меѓутоа за тоа како ќе го имаме дефинирано, дефинитивно ставот на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Владо Илиевски, а нека се пдоготви пратеникот Драго Шајновски.

Повелете господине Илиевски.

**Владо Илиевски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Лично сметам дека претходните дискутанти буквално кажаа се, сите аргументи и факти за работењето на ЕСМ, во едната Валда и за работењето на ЕСМ за време на другата Влада, како и сите аргументи и факти што ги има едната страна, власта, за приватизација на ЕСМ, како и сите аргументи и факти што ги има опозицијата, во поглед на приватизацијата на ЕСМ. Со тоа сметам дека јас ќе се вклопам во предлогот на претседателот дека мојата дискусија би ја скратил на десетина минути, се со цел да направиме една споредба на она што досега е кажано што мислам дека уште го задржува вниманието на граѓаните.

Исто така, со сигурност може да се констатира дека сите дискутанти од опозицијата, како што реков и во репликата со која му реплицирав на господинот Блаже Стојаноски, не предложија нешто конкретно ново со што би го подобриле моделот на приватизацијата, со цел да се подобри ефектот од пеструктуирањето и приватизацијата на ЕСМ.

На самиот почеток сакам да направам една ретроспектива и хронолошки да ги потенцирам сите активности што се направени во периодот од 2000 година, кога почна да се реализира идеата за приватизација на ЕСМ, па се до денес. После сето ова уште еднаш тврдам и лесно може секој да констатира дека сето тоа што е кажано, може секој граѓанин слободно да оцени која опција за што се залага.

Интересно е да се напомене фактот дека опозицијата, највероватно многу се секира за граѓаните, кога е во опозиција. Јас лично и во 1998 година тоа многу го анализирав. Се плашев од тоа ако овие дојдат на власт, спрема нивните ветувања дека ќе направат чудо од Македонија. Меѓутоа, тие и навистина направија чудо, веднаш заборавија на народот, воопшто не помислија на нив и 4 години се занимаваат самите со себе, кој што повеќе да направи. Сега тие истите ни кажуваат како не треба да се приватизира ЕСМ. Замислете, го продадоа Телеком многу добро и сега се секираат дека ние не знаеме така добро да го приватизираме ЕСМ, па затоа да направиме прво референдум, па тие кобајаги ќе дојдат на власт, па ќе го продадат само на нив познат начин.

Бидејки, како што реков, и власта и опозицијата постигнавме консензус околу приоритетите на Република Македонија за влез во Европската унија и НАТО структурите, т.е. сите сме европски ориентирани, во 2000 година, почитувајки ги препораките на Европската унија, изразени преку нивните директиви, тогашната Влада, со преструктуирањето на Јавното претпријатие во Акционерско друштво и го започна процесот на преструктуирање и приватизација на ЕСМ.

На самиот почеток од преструктуирањето, на минатата Влада многу и се брзаше. За брзо време формира владина комсиија за спроведување на процесот. Избран е владин советник. Тоа е Мајнл-

Банк од Виена која имаше за цел да ја советува Владата во приватизациониот период.

Министерството за економија изготви проектна задача, со цел да се зацртаат активностите и динамичкиот план по кој треба да се работи во приватизациониот период. Добро ама немаше кој да ги спроведува реформите, со кои требаше да се изврши целосна структурна реформа на Секторот, разбивање на монополот на ЕСМ, создавање услови на либерализација на пазарот на електрична енергија, формирање на регулаторна комисија и после сето ова да се пристапи кон објавување на тендер и приватизација на ЕСМ. Тогашниот директор се зафати со други работи. Времето брзо помина и еве ги изборите на праг. Пет до 12, седум дена пред да се распушти Парламентот, власта сакаше да ја протурка приватизацијата. За среќа на целокупната јавност се случи тоа што се случи на изборит еи новата Влада веднаш, уште во ноември 2002 година го запре погрешниот тек на приватизацијата, со единствена цел да ги направи неопходните структурни реформи, пред објавувањето на тендерот за приватизација на ЕСМ.

Потребите за реформите произлегуваат и од целите што сакаме да ги псотигнеме со приватизацијата, а тоа е што прво треба да се разбие монополот кој го имаше ЕСМ, да се либерализира пазарот на електрична енергија и како што реков да се формира регулаторна комисија за енергетика, која е независна и врз база на методологијата за пресметување на цената на електричната енергија, да ја одредува цената на истата.

Целокупните реформи треба да се спроведуваат во соработка со регионален формум кој е непосредно координиран од страна на Европската комисија.

Со цел да се разбие монополот, реков, што го имаше Електростопанство, основани се, со Законот за преобразба на АД ЕСМ, две нови друштва, АД МЕПСО и АД ЕСМ. АД ЕСМ, Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственсот, што е предмет на приватизација и што лично јас го подржувам и АД МЕПСО, оператор на електропреносниот систем на Македонија, исто така во државна сопственост.

Усвоен е модел за либерализација на пазарот на електрична енергија, формирана е Регулаторна комисија за енергетика која врз основа на Правилникот за определување цената на електрична енергија и врз база на реалните трошоци за нејзино производство, пренос и дистрибуција, дозволува изесен профит, ќе биде определувана нејзината висина. Останува, до распишувањето на тендерот, да се изврши и правно раздвојување на АД ЕСМ, на АД за производство на електрична енергија и АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија.

После сите овие реформи, колега Мавровски, кои се извршени на најтранспарентен начин, во чија изработка се вклучени сите релевантни структури и што е најважно, овие реформи, не само што се во согласност со европските директиви, туку и се оценети како доста добри во Советот на минситри на Европската унија и цело време е координирано со консултантот што го избра вашата Валда. Ништо друго непресотанува, туку во интерес на вработените и во Акционерското друштво ЕСМ, наши и ваши коелги, за кои, благодарение на амандманот што го поднесовме, а јас сум еден од поднесувачите на амандманот, во Законот за преобразба на АД ЕСМ, во член 7 се предвидува и пренос на акции на вработените, да си го повлечете барањето за референдум и да не внесувате дилеми и забуни кај граѓаните на Република Македонија, само во интерес на колегите кои ни се вработени таму, а оваа Влада нема да го продаде ЕСМ со непосредна спогодба и за 18 месеци, туку ќе го нарпави тоа на најтранспарентен начин, ќе распише меѓународен тендер и со претквалификација ќе го одбере најповолниот понудувач, а за најповолен понудувач ќе се избере меѓу оние што ќе понудат најдобра цена и најдобра развојна компонента на друштвото. Благодарам,

**Љупчо Јордановски:** Благодарам годподине Илиевски.

Повелете господине Мавровски имате три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Колега Илиевски, кажавте, вашата, нашата Влада. И тогаш и сега имаме Влада, Влада на сите, Влада на Република Македонија.

Очекувавте 1998 година да се случи,незнам каква промена. Се случи и кажавте кои промени се случија. Но, во 2002 година на граѓаните им ведивте нешто, а од тоа не исполнивте ништо. Сега, врз основа на кои аргументи некој треба да ви верува дека ова што го правите е во интерес на граѓаните и така ќе заврши, затоа што таа Влада претходно вработувала, а вие ги избркавте од работа и кажавте дека се структурни промени, а структурните промени ги донесовте на 31.12.2004 година. Кажавте дека го стопиравте процесот на приватизација и сега наеднаш со некое темпо, каде што нема ни закон доенсено сеуште, значи законот го добивме деновиве, врз основа на што и како ќе функционира и пазар и продажба и воопшто приватизацијата дали ќе може да се започне, вие кажувате дека сега се исполнети сите услови за приватизација на ЕСМ. Апсолутно не е така колега Илиевски. Вие уште подобро го знаете од мене, затоа што моделот на приватизација апсолутно не кажува ништо, ни каде , ни кога ни како ќе се продаде. Ништо не проговоривте ниту за цената, колкава ќе биде таа, колку вработени ќе бидат отпуштени од работа. Значи како што баравте тогаш, од тогашната Влада, за еден кредит за претпиватизација, од 34 милиони евра, не заборавајте, не за

приватизација, туку за кредит за претприватизација, вие сега кажувате дека сето ова е како што треба и дека останува уште да се приватизира ЕСМ и дека опозицијата го кочи тој процес, а вие знаете се како ќе биде. Јас не знам колку можете да им го кажете тоа на граѓаните. Ние се обидуваме да добиеме права информација, но изгледа тешко ни оди. Се надевам дека на наредната седница на Владата ќе донесат конечна одлука, кој е моделот, а ние тука ќе расправаме, претпоставувам дека претседателот на Собранието ќе ја постави точката на дневен ред веќе за оваа седница, како итна, неопходна и тоа ќе биде и транспарентно, тоа ќе биде дадено на разгледување на сите експерти во државата и ние како пратеници ќе можеме и ќе мораме да се изјасниме, токму во тој ден да го донесеме и тој формално-правен акт со кој ќе се задоволи се, но задоволено од формално-правен аспект. Реалната ситуација апсолутно е далеку, затоа што, еве и после три дена не нудите ниту еден аргумент, освен се она што го повторувавте и апсолутно не е во контекс на се она што граѓаните го гледаат и го очекуваат, од она што треба да се случи во Електро...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Илиевски, една минута.

**Владо Илиевски:** Во вашето излагање јас ништо не видов за што вие се залагате. Не дадовте ниту еден предлог, како што реков, со што ќе се придонесе да се подобри моделот на приватизацијата. Едноставно никаков поквалитетен и подобар модел не понудивте. Исто така зборувамвте и за Законот за реструктуирање. Можеби имавте време да предложите и нов закон. Меѓутоа, тоа не го направивте. Едноставно измислувате референдум со што временски и финансиски се развлекуваат работите, во што никој не ве подржува, а со тоа диреkно го забавувате патот за влез на Република Македонија во Европската унија и НАТО. Највероватно вие се гледате како идниот директор на ЕСМ, во сенка, кој, највероватно сакате да го приватизирате на вашиот познат начин. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** На овој начин можеме да се писмпламе, да си кажува се кој што мисли.

Јас мислам дека треба да ја затвориме расправата. Дали се согласувате да ја затвориме расправата?

Господине Иванов, има Закон за енергетика, таму можеме да зборуваме, многу е побитен.

Јас само предлагам. Ако се согласувате.

Добро, има еден кој не се согласува и јас тоа го прифаќам.

Господине Шајновски имате збор. Јас знам дека вашите говори се кратки, прецизни, а и болни понекогаш немојте да ме терате да ве прекинувам.

Повелете.

**Драго Шајновски:** Благодарам. Продажбата на добрата, посебно во земјите во транзиција, ја карактеризираат генерално два аспекти, економски и политички.

Во претпоставена ситуација кога би имале експертска влада, во чија агенда за работа економијата ќе биде на прво место, секојдневно, тогаш економскиот аспект, во решението за продажбата е доминантен, а изгледите за успех се извесни.

Кога пак имаме политичка влада, тоа е најчест случај каде власта се сваќа како можност за богатење и тортура врз политичките противници, тогаш политичкиот аспект во решението на продажбата е пресуден, па изгледите за успех се минимални, а најчесто и никакви.

Кај нас видовме дека експертска влада не вирее. Спрема тоа останува можноста да имаме политички влади. Но, притоа мора да се внимава од истите да се искорени корупцијата, а паралелено со тоа судството да се нарпави независно. Значи мораме да ја искорениме корупцијата, а судството да го нарпавиме независно, за да имаме влада што ќе владее по економски параметри.

Во мојава дискусија ќе се обидма проблемот на продажба на државните акции во ЕСМ, да го разгледам токму од овие два апсекти, економски и политички.

По однос на првата цел, мислам дека е корисно, проблемот на продажба на акциите од ЕСМ да се погледне и од аспект на светската глобализација, да се види дали процесо тна интернационализација на економијата бара ваков потег од земјите на кои им претстои целосно вклопување во светската поделба на трудот, или не.

Најгоелм број од светските искуства зборуваат дека процесот на интернационализација на економијата, не бара вакви априорни жртви. Напротив, може да се каже дека и не ги подржува, бидејки не се вклопуваат во нејзиниот начин на функционирање. Глобализацијата колку што е безмислосна, толку е и објективна, дозволув аконкурентска борба во која победуваат најорганизираните, најквалитетните, најбрзите, со еден збор најдобрите. Тука привилегии нема.

Тоа се закони на пазарот и најчесто се неподмитливи, иако и таму има такви обиди. Основна претпоставка на светската глобализација е либерализацијата на националните економиии. Тоа е слободна размена на стоки, труд, пари, а понатаму либерализираниот пазар , автоматски ги регулира сите други односи, а меѓу нив и тоа дали нешто ќе биде државна, акционерска, партнерска, или индивидуална сопственост. Сите овие сопствености се рамноправни во сите земји на светот. Разликите меѓу нив се следните: Индивидуалната сопственост е една од првите сопствености која се појавила.

Карактеристично за оваа сопственост е тоа што управувачката и сопственичката функција не се

одвоени. После индивидуалната сопственост, се развила партнерката сопственост, каде што е карактеристика дека управувачката и сопственичката функција се не ретко одвоени и се мешаат. Понатаму, се разви акционерството како сопственост, каде што управувачката функција и сопственичката функција се реско и јасно одвоени.

Како последен стадиум од сопственоста се јавува државната сопственост и најчесто и во сегашни услови е доминантна во моменти на кризи. Во таа смисла, може да имаме пример на државна сопственост врз нешто и тоа успешно да се носи на слободниот пазар, а може да имаме и индивидуална, или партнерска сопственост врз нешто, а тоа да неможе да се носи на слободниот пазар. Значи, либерализацијата на пазарот не подразбира продажба автоматски на државната сопственост безусловно. Секоја земја што сака да влезе во процесот на светската глобализација мора да изврши либерализација на целокупниот свој пазар, вклучувајќи го тука и пазарот за електрична енергија. Зошто постои пазар на електрична енергија? Затоа што денес електричната енергија, благодарение на развојот на информатичката технологија и телекомуникациите постана стока за продажба, како и секоја друга стока. Денес постои можност да купите електрична енергија од Канада или од Јапонија, само ако овде пазарот е слободен и има кој да го нуди тоа. Затоа се согласувам со тоа дека ние треба да извршиме либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија. Но никој не не обврзува да извршиме и продажба на акциите што државата ги има во ЕСМ. Напротив, ЕСМ мислам треба да ја оспособиме да може успешно да се носи на слободниот пазар, на либерализираниот пазар и тоа како претпријатие во државна сопственост, од кое државата ќе добива профит Кога една фирма прави профит, а тој профит државата го користи за решавање на свои проблеми, инвестициони или социјални и овозможува на фирмата да биде постојано во кондиција, т.е. да ја задржува и унапредува внатрешната организација, дисциплината и конкурентната способност. Ако пак државата ја превработи фирмата и не бара профит од неа, бидејќи сега фирмата на исплатите на превработените го троши профитот, тогаш фирмата секојдневно се дезорганизира, дисциплината на работа попушта и фирмата пропаѓа. Ова е случај со ЕСМ денес, а и другите фирми каде што државата има свои акции во поголем процент.

Во изминативе 15 години, имавме многу продажби на државни акции. Најчесто тоа беа продажба на акции во индустриски објекти, кои тонеа во загуби предизвикани од лоши менанџерски тимови, превработеност, изгубени пазари, застарена технологија.

Шансите ваквите индустриски објекти да се вратат во кондиција, т.е. да бидат конкурентни на слободниот пазар беа мали, а најчесто никакви, бидејќи, прво, државата како најголем акционер во тие фирми, не можеше да вложи свежи инвестиции за купување на нови технологии и освојување на нови пазари и второ, неможеше да донесе нови непартиски менанџери, а уште повеќе, неможеше да го намали бројот на вработените, а при тоа, да не предизвика социјални тензии.Затоа најчесто, акциите од овие индустриски објекти беа продавани за евтини пари, со обврска новите газди да вложуваат во нови технологии, а со време како се освојуваат нови пазари, да го зголемуваат и бројот на вработените. Со тоа се задоволувше власта и секоја власт. Значи ваквите случаи каде што државата требаше да волжува, а успехот беше неизвесен, продажбата е оправдана. Но во случајот на ЕСМ, каде што се знае на што се должи слабото работење , т.е. малиот профит, во однос на слични фирми во светот, продажбата на акциите ниту е политички препорачлива, ниту е економски оправдана. Аако во ЕСМ се зголеми дисциплината за наплата на потрошената електрична енергија, овде се мисли државата и судството во тоа да помогнат, ако ЕСМ се ослободи од превработените и ако цената на електричната енергија се покачи неколку проценти, тогаш нема никакви пречки ЕСМ да не биде профитабилно државно претпријатие, како и секое светско претпријатие од овој вид. На сите ни е јасно дека ако ЕСМ се продаде, тоа значи ЕСМ да се приватизира и да се продаде, тоа значи државата да продаде дел од акциите што ги има во ЕСМ. Новиот газда или новите газди прво што ќе направат е претходно реченото. Ќе се ослободат од вишокот на вработените, ќе ја покачат цената, ќе ја зголемат наплатата. При тоа, власта и извршната и судската ќе мораат да асистираат, посебно при наплатата и решавањето на проблемот со вишокот на вработени. Сега не ми е јасно. Се ова го знаеме и не сакаме да сториме нешто за нас. Не сакаме ние да правиме профит, а ќе мора да сториме се ова, за друг да прави профит. Зошто? Глобализацијата е добра работа, но само за добро организирани земји, кои што имаат стратегија за сопствен развој, за земји кои случајно и неспремно влетуваат во оваа пазарна машинерија. Глобализацијата може да значи и разорување на нивните економии, па дури и губење на нивниот национален идентитет. Затоа, крајно време е државата да ја водат современи политичари, образовани во духот на ова ново време, а не политичари изградени по селски кооперации или градски биртии. Поминаа времињата, кога на цена беа итрици. Нам денес ни требаат образовани менанџери, политичари за ова ново време, а не итрици за секое време. Денес се е наука. И економијата, и фудбалот, и спиењето и јадењето.

Другиот аспект од кој може да се разгледува овој проблем на продажба на акциите, на државните акции во ЕСМ е политичкиот. Зошто Владата по секоја цена сака да го продаде ЕСМ, поточно некој негов дел, или дел од акциите кои што ги поседува. Затоа што продажбата ќе значи влегување на свежи пари во државата. Со тие пари власта се надева дека ќе може да

направи какво,такво подобрување на стандардот на луѓето, па макар тоа било и краткотрајно. Ќе биде краткотрајно, но токму навреме. Токму пред парламентарните избори 2006 година. Значи власта се надева дека со вложување на дел од овие пари од продажбата на дел од своите акции во ЕСМ, во краткотрајно подобрување на стандардот на луѓето, ќе ги добие изборите. На последните локални избори власта ја виде изгледноста на оваа стара финта. А после евентуалната продажба на дел од акциите од ЕСМ, уште ќе ја почувствува во 2006 година. Ве прашувам што ќе продадете после за да ја задржите власта. Во оваа неефикасна и неспособна Влада мора да сфати дека не се живее од вербализмот на министрите и премиерот. Треба резултати на терен. Ако изборите во 2006 година, не се цел на оваа продажба, тоа е и моја желба, тогаш не ми е јасно зошто се инсистира на неа. Нема логично оправдување за таков потез. Ако ЕСМ во државни раце е непрофитабилен, или непрофитабилен доволно и државата затоа го продава, тогаш таа е во бунило и не знае што прави, бидејќи не знае што прави во последниве три катарстрофални години исполнети со лажни ветувања и неуспеси. Ако ЕСМ е непрофитабилно, и неможе да се направи профитабилно, тогаш, кој би го купил. Дали некој би купил за да ни помогне, или би купил за да ни прави профит. Одговорот е јасен. Никој не би дошол да ни помогне, а секој би дошол ако може да направи пеофит. Зошто сами да не можеме да направиме профит од ЕСМ, кога знаеме од што боледува,и лекот за тоа го имаме и не е скап. Но Владата, очигледно, не знае што прави. Доказ за тоа е и нејзиното катадневно премислување по однос на моделот за продажба. По нејзината прва намера да го продаде ЕСМ без пренос и управување, а за што беше речено дека е најпогодно, под притисок на јавноста таа реферираше и сега вели дека навистина подобро би било да не се продаваат хидроелектраните. Како да и верувам на Владата дека знае што прави и има стратегија за продажба на своите акции од ЕСМ. Овие нејзини секојдневни промени на мислењето, ме потсетуваат како на воз кој што застанува на секоја бела куќарка покрај патот. Тоа е доказ дека машиновозачот не е вичен во својата работа. Најново нејзино мислење е дека можеби треба да се продадат само дистрибуциите. Ова потврдува дека власта нема цврсто изграден став за тоа по кој модел да го продаде ЕСМ и нема студија со која ќе покаже зошто предлага некој модел и тоа ќе го брани, а не веднаш да се премислува.

Мислам дека единствено што сака Владата е по секоја цена да продаде дел од ЕСМ, а притоа да се прикаже како многу транспарентна при процесот на продажба, а со цел да нема реакции од јавноста. Очигледно, на Владата и се брза и и требаат свежи пари. Ако навистина е единствената цел на Владата, тогаш, подобро да ја продадеме Владата, отколку ЕСМ.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Шајновски.

Сепак малку не изненадивте. Бевте пodолги од она што сте вообичаено. Спомнавте воз господине Иванов. Еве вие успеавте да го избегнете возот кој што се нарекува дополнително ќе продолжиме. Имате збор сега и се надевам дека на другите ќе им овозможите да зборуваат односно да се качат на возот кој што пишува да зборувам денес. Повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго**: Благодарам господине претседателе, што ми дадовте збор,

Почитувани другарки и другари,

Петнаеесет години во овој парламент водиме јалови дискусии. Петнаесет години се надмудруваме опозиција, позиција . Јас сум бил и кај едните и кај другите. Но секој пат сум го изнесувал своето мислење и својот став, онака како јас што мислам  и како што мислам дека е добро за државата, за народот, за општеството. Сега исто, еве подолго време многу се присутни емоции, политиканство, партизација, одбранашки настапи, напишани говори, напишани реплики. Ништо не се гледа дека се зборува со факти, со резон, со реалност, со објективност. Колку и да се трудат луѓато да видат кои се причините реални, објективни, да се оди на продажба на ЕСМ. Не е доволен зборот продажба, туку распродажба. Еве јас на повеќе места бев присутен кога за ова нешто се зборуваше и секаде го поставува прашањето, добро, можете ли да ги кажете релевантните здрави причини кои се да се продава оваа најголема организација во Македонија, со најголема екномска моќ, која е практично столбот, на рбетот на телото. Неколку пати добив одговори дека е тоа само за тоа што со продажбата ќе се добијат менаџерски тимови кои ќе бидат во состојба многу поефикасно да го организираат енергетскиот систем во Македонија.

Прашањето дали ние за овие 50 години не создадовме кадри, не направивме менанџери. Ајде да земеме дека ние сме веќе во години и со застарени сфаќања итн. Каде се оние наши прекрасни деца , каде се оние доктори на науки, каде се оние наши оперативци во нашите компании. Како тогаш ние ако немаме менанџери, како можевме да изградиме еден ваков гигант со толку производни капацитети, преносни капацитети, трафостаници итн. Како можевме да подигнеме една индустрија таква огромна во 90-те години која само за 14 години е уништена. Ако таа теза повеше не држи, зошто тогаш ние и Владата и ние како Парламент во тој поглед не извршиме притисок и влијание да се оформат менанџерски тимови во оваа организација. Зошто не му дадеме дури и на овој главен менанџер сега да состави своја екипа и да побараме програма, проекти, студии, како тој енергетски систем да работи високо, рентабилно и да ги оправда оние искажувања во сите земји во светот дека тоа е практично на секоја држава голема “златна кокошка” која во секој момент може да носи “крупни златни јајца”. Зошто ние во тој поглед и

Владата не размислуваме?

За овие 14 години се продадовме, а нема никакви ефекти, нема никакви резултати, се тонеме и тонеме надолу,се пропаѓаме. Дали има пресметки, студии, анализи дека на овој начин практично ние ќе обезбедиме една компанија која ќе работи со високи профити во оваа држава. Јас не го гледам тоа, го нема.

Според тоа, ако имаме чесни намери, ако немаме лепливи раце, ако сакаме навистина нешто да направиме во оваа држава, дајте да тргнеме во оваа насока, имаме луѓе, имаме институции, имаме знаење да изготвиме еден проект на санирање на Електростопанство, користејќи внатрешни снаги во таа институција. Тоа не значи дека ќе го запреме процесот на приватизацијата, туку обратно. Кога ќе успееме да ја санираме оваа компанија и кога таа компанија мора да ја санираме и мора да најдеме начин како што многу земји нашле, да видиме кај се проблемите, тие се еден куп за кои и вие знаете и јас знам, превработеноста и ниската цена на струјата низ која ја решававме судбината на народот, социјалната политика, недисциплината, нередовност, неодговорност и кога ќе ја доведеме оваа организација во обратна пропорција и во обратни состојби, тогаш да направиме проценки колку вреди оваа компанија во Македонија? Да направиме математички проценки, а потоа да ги провериме и на пазарот и после тоа да кажеме 30, 40% од вредноста на оваа компанија ќе приватизираме, па тогаш ќе распишеме акции, акциите ќе дојдат на берза, секој граѓанин на Македонија, секој субјект може да купува акции, да ги извлечеме парите од под перници, да ги повратиме парите што се изнесени надвор од Македонија каде се наполнети многу банки во Европа, ќе имаме свеж капитал, свежи пари кои можеме да ги ангажираме во развојот на оваа компанија. Меѓутоа, во кулоарите кога ќе разговараш со луѓе околу причините што сакаме да се продаде оваа компанија ќе ти каже ако тоа не го направиме ние , ќе го направат оние другите. Кои други? Онаа Влада што ќе дојде после.

Прво, кој гарантира дека ќе се промени оваа Влада и оваа позиција?

Второ, веќе постојат такви опасности, а постојат, тоа праксата и времето го покажа со Телекомот, еве сега го менуваме Уставот, па во Уставот да кажеме за вакви компании кои се од национален интерес може да се врши промена на сопственост, продажба, распродажба, но по пат на референдум. Да ставиме брана. Ако народот го градеше енергетскиот систем во Македонија, јас малку повеќе паметам од вас, вие сте помлади луѓе, го градеше со самопридонес, го градеше со акции, ако тој народ издвојуваше компаниите во Македонија и вработените во Македонија од своите лични доходи да го изгради овој систем и да земе кредити, па кои кредити ги врати овој народ, тогаш со право се поставува прашањето народот да одлучи за судбината на еден ваков гигант. Ние мораме така да се однесуваме.

Јас не сум подготвен, исто вака дискутирав кога се приватизираше Телеком, исто таква битка се водеше помеѓу позицијата и опозицијата. Јас и тогаш кажав дека и ние можеме Телекомот да го ставиме во состојба во каква е сега кој остварува огромни профити при што половина од тоа се прикрива на различни начини. Видете, пред да размислиме за оваа приватизација требаше да направиме анализи што постигнавме со приватизацијата на Телекомот. Вие мора да знаете дека се тоа врзани мултинационални компании. Гледате како се однесуваат спрема Владата, не сакаат да плаќаат радиодифузни такси, враќаат фактури, ја кријат девидендата, добивката и тоа што не можеа да го сокријат и тоа не сакаат да го платат. Владата е во ситуација не да преземе мерки тоа да се исполни, туку е во ситуација да моли и да не се замери затоа што зад нив стојат големи држави, моќни и тн.

Според тоа, дали сме направиле длабока анализа во каква состојба ќе се најдат граѓаните и македонската економија кога ќе има еден газда кој купил 51% исто ова во случајот околу Телекомот, се викаше државата има контроли, државата има механизми, државата ќе спречи покачување на цени, но ништо од тоа, за 200 и незнам колку проценти се качија цените. Тој што има 51% тој диктира, тој донесува одлуки. Тој што има 49% само може да вреска, да вика, да црка и ништо од тоа. Тоа се правилата на капиталот.

Сега имав прилика да слушам тука дека ние преку Регулаторната комисија, те преку овој, преку оној ќе го спречиме тој што е газда да не ги качува цените. Тоа се приказни за мали деца. Ако така направиме регулатива прво нема да ја направиме друго и да направиме вака, никој нема да го купи Електростопанство. Логиката е на капиталот да дојде, да вложи и да купи, да ги врати парите брзо назад со камата и потоа да остварува голем профит. Тука ништо не сум измислил, тоа е општо познато.

Според тоа, ако вие не му дадете можност тој брзо да ги врати парите и брзо да оствари профит, тој нема да го купи енергетскиот систем. Ако така како што се зборуваше навистина Владата ќе направи нема потреба од распишување на референдум. Не може да се продаде Електростопанството. Според тоа, бидејќи така не може да се спроведе, тоа нема да функционира, така нема логика, тоа ќе биде тој кога ќе стане газда не да зголеми 20, 30, 40%, туку неколку пати. Во тоа сум длабоко убеден. Тоа сум го доживеал, а и вие дел од тоа доживеавте. Според тоа, да не се замајуваме, односно залажуваме едни со други тие процеси не само кај нас, ова е уште посложено затоа што ако си го продал Телекомот, можеш да направиш паралелни системи па некако да се врши конкуренција, гледате како жестоко се спротивставуваат овие да не се гради трет систем за да успеат да остварат голем профит. Меѓутоа, дали можеме да направиме паралелни производствени капацитети? Можеме во главите, но во реалноста не. Кога ќе ги направиме? Кога е

тоа објективно. Друго, кој ќе ја води развојната политика во Македонија? Тој што ќе стане газда на енергетскиот систем? Не. Него не го интересира ништо друго освен профитот. Државата мора да води сметка како.

Јас би сакал да видам еден елаборат кој ќе биде поткрепен со закон за да можам да дигнам два прста во овој или оној правец.

Инаку, овде имав прилика да слушнам луѓе кои изнесоа работи кои почиваат на знаење. Има работи кои почиваат на големо незнаење. Има работи кои се предизвикани од несвесно туѓо влијание. Мене ми дојде онаа мисла на Конфучие. Тој е големиот Конфучие, мислител, да не помисли некој дека е партиски лидер или да припаѓа на опозицијата или на позицијата. Тој рекол: Оној што знае, тој знае дека знае и оди кај него да научиш. Тој што знае дека не знае и знае дека не знае оди да го подучиш, а тој што не знае дека не знае дека не знае, бегај од него. Овде преовладуваше она последното. Јас додека сум жив, сум растел во оваа држава, ќе се борам да не се уништува оваа држава, да не пропаѓа оваа држава, да не се распродава оваа држава, се што се прави да се прави мудро, умно, со анализи, со студии, со елаборати, со ефекти. Вака е тотална каша. Тотална. Некој вика ќе има ваков модел, некој друг зборува за друг модел, некој зборува дека ќе се приватизираат само термоцентралите, други викаат и хидроцентрали и термоцентрали. Јас не сакам да зборувам што значат хидроцентралите, сите вие зборувавте тука. Не сакам да повторувам такви дискусии. Зошто ние не почнеме, покрај ова што го понудив како модел, да почнеме да даваме под концесија некои производни капацитети. Зошто не ја дадеме Термоелектраната во Неготино под концесија?

(Дофрлување од место дека не ја даваме).

Молам?...

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов продолжете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Не ве разбирам, гласно кажете. Ако мислите да ја дадете тогаш се согласувам, ама не мислите. Добро. Потоа да одиме поедини термоелектрани не да ги продаваме, туку да ги дадеме под концесија. И од концесиите се земаат големи пари. Ако тоа се покаже да ги дадеме под концесија и хидроелектраните за кои сега срце ме боли да зборувам воопшто, бидејќи е тоа големо национално богатство со обновлива енергија каде се добива не ефтина електрична енергија и кои се срцето на секој електроенергетски систем.

Сега да ве прашам да размислувате, еве под претпоставка во некое безцење да се продаде електроенергетскиот систем, каде ќе ги трошиме парите, дали има план. Јас знам нашиот македонски човек, македонец домаќин било од која етничка припадност ако продаде куќа купува друга куќа, ако продаде нива купува друга нива затоа што се преселил некаде, отишол да живее на друго место, затоа што нивата му е далеку, сака да купи поблиску. Но, ние го продадовме Телекомот, што купивме? Што направивме ние за овие 14 години со една таква страшна продажба? Ние го изедовме капиталот на државата. Парите отидоа или во Буџетот попрво во Буџетот и од Буџетот тие пари се изедоа, отидоа во потрошувачката. Отидоа и за други цели, да не зборувам за тоа.

Ако имаме таков комплетен план да видиме дека со овие пари што ќе ги земеме ќе дигнеме нови капацитети, ќе вработиме луѓе, ќе развиеме индустрија, земјоделие, градежништво, сообраќај, туризам, ќе создадеме ново додатно богатство, па тогаш под такви аргументи секој паметен човек, секој што има резон ќе погледа и ќе рече, па тоа би било добро, ама вака стихијно, неорганизирано не води во понатамошна пропаст.

Еднаш прочитав еден рече, да не мислите дека тоа јас сум го измислил, без оглед кој и како ќе го купи Електростопанството, тој ќе ги има клучевите од рајот, а јас би додал, нам ни е обезбеден Дантевиот пекол и не треба да има никакви стражари, самите ќе се влечеме кон дното. Благодарам.

Ете видовте претседателе бев краток.

**Љупчо Јордановски:** Имавте 25 минути, бевте релативно краток.

Благодарам господине Иванов.

Господинот Аднан Ќахил не е тука, господинот Ѓуркчиев не е тука, господинот Груевски не е тука.

Останува уште госпоѓа Силвана Бонева.

Дали некој се пријавува после госпоѓа Силвана Бонева?

Госпоѓо Бонева јас нема да ве прекинам во 18,00 часот, би сакал да ви дозволам да се изјасните, но ако никој не се пријави, да ја затвориме расправата и ве молам сепак господине се договоривме вчера се се кажа дека до 18,00 часот еве го последниот говорник, имате 12 минути време по ова, еве нека бидат 15 минути кажете и господинот Мавровски 5 минути да каже она што може да каже. Инаку, господине Мавровски ќе се качиме на возот кој се вика “дополнително ќе продолжиме”.

Точно, само како што реков дополнително во Деловникот не е додадено времето. Затоа се договоривме вчера, вие ми ветивте, еве последен говорник, нека заврши, да ја затвориме расправата, а ќе гласаме дополнително.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Нормално е дека Електростопанство на Македонија многу им значи на граѓаните на Република Македонија кога предизвика огромно интересирање кај сите граѓани, вклучувајќи ги и невладините организации, здруженија на граѓани кои што се приклучија во протестот за начинот за кој што се предвидува да се изврши приватизацијата на Електростопанство на Македонија, нормално и на пратениците на Собранието на Република Македонија,како и на колегата Мавровски да интервенира со иницијатива за референдум на кој што граѓаните ќе кажат дали се за ваквиот модел на

приватизација кој што го предвидува Владата на Република Македонија.

Ние сеуште не сме на чисто, за жал повторно во текот на овие неколку дена расправа, Владата не е тука да каже кој ќе биде моделот на приватизација и дали има промена од она што начелно ја возбуди јавноста на Република Македонија, продажбата на над 51% од Електростопанство на Македонија.

Имавме можност секој ден да слушаме дека Владата ќе заседава, ќе одлучува, имало различни мислења, ставовите на Светската банка дека не треба да се продава така, не треба да се продаваат хидроцентралите, термоелектраните и дека тоа ќе се земе во предвид, меѓутоа еве на владината седница и вчера, во текот на денот не знаеме, завршија со тоа дека останува, и одбраната на денешниот ден од страна на претставните на парламентарното мнозинство јасно покажува дека остануваат на моделот кој што беше првично кажан, да се приватизира над 51% од Електростопанство на Македонија. Тоа значи да се замени еден државен монопол, кој сега го имаме со приватен монопол. Дали ќе биде тоа приватен монопол или повторно друг државен монопол, бидејќи веќе имаме државно електростопанство кое што е заинтересирано за купопродажба на Електростопанство на Македонија, меѓутоа доколку е заинтересирано друго државно електростопанство, од друга држава, значи ли тоа дека нашето државно Електростопанство на Македонија сега не е способно како другите државни електростопанства кои се заинтересирани за продажбата на електростопанствата во други земји. Тоа значи дека Електростопанство на Македонија нема ефикасна организација и не умее да се постави онака како што треба на пазарот на електричната енергија за да може да работи профитабилно и за да можат да имаат корист сите граѓани на Република Македонија од него, бидејќи во другите држави, други успеале во тоа и најверојатно тоа е главната причина што и околните држави окол нас не се одлучиле за продажба на нивните електростопанства со ваков процент каков што го нуди во моментов Владата на Република Македонија.

Не чувме од страна на парламентарното мнозинство, не дадоа одговор што ќе значи приватизацијата на Електростопанство на Македонија односно замената на државниот монопол со приватен монопол. Дали тоа значи дека државата Република Македонија може да биде уценувана, дали тоа значи дека граѓаните на Република Македонија уште толку ќе бидат осиромашени, бидејќи знаеме каква е состојбата во Република Македонија, колку имаме невработени, колку имаме граѓани што не можат да си ги платат сметките за струја и доколку се продаде Електростопанство на Македонија со овој процент тоа значи дека оној што ќе го купи ќе биде воден од профитот, нормално е тоа кога дал пари ќе гледа што побрзо да ги поврати. Тоа значи дека ќе биде поскапена цената на електричната енергија. Овде се зборуваше за проценти од 18, 16, или не знам колку проценти, меѓутоа секој ден слушаме како експертите предупредуваат за неколку пати зголемување на цената на електричната енергија. Што значи тоа за економијата во Република Македонија, сега не зборувам само за граѓаните, за нивното осиромашување и неможноста буквално да живеат, а камо ли да плаќаат сметки, или неколку пати поголеми сметки, меѓутоа што би значело тоа за кревката еконоја во Република Македонија. Тоа значи дека ќе имаме поскапи производи и неконкурентни производи на пазарот, европскиот или светскиот, бидејќи многу поскапа ќе биде електричната енергија со која што тие ќе произведеваат. Тоа значи отежнување на нивното работење, тоа значи бркање од работа односно прогласување на технолошки вишоци, бидејќи нивните производи нема да бидат конкурентни и не можат да се продаваат на пазарите. Значи, не само што ќе бидат избркани граѓаните, луѓето кои што се вработени во моментов, туку тоа ќе продуцира и ефект на домино во многу други претпријатија кои што зависат од цената на електричната енергија.

Навистина е зачудувачко брзањето на Владата за продажба на Електростопанство на Македонија со ваков модел, кој сега за сега е кажан, бидејќи сеуште не е завршено преструктуирањето на Електростопанство на Македонија. Сеуште немаме целосно покриена, сеуште ја немаме донесено регулативата која што е неопходно потребна за да се изврши ваквиот процес на приватизација. Значи, како што беше кажано еве веќе набрзина законот за енергетика, кој што недостасуваше е внесен во процедура. Немаме закон за пазар на електрична енергија, издавање на лиценци на претпријатијата во електро енергетскиот сектор, изработка на тарифниот систем на сите категории потрошувачи, немаме јасен и применлив закон за концесии на приватни ресурси. Тогаш како, како ќе се продаваат хидроелектраните и термоелектраните кога не знаеме со какви концесии, што ќе биде надоместокот кој треба да го плаќаат тие што ќе ги купат хидроелектричните централи, термоелектраните, за да знаеме што ќе добие Република Македонија за користење на природните ресурси. Не ја знаеме цената за надоместокот што треба да се плати за користењето на водата, а свесни сме сите, секој ден се зборува дека слатките води ќе бидат поскапи од нафтата. Што ќе значи во овој момент кога државата Република Македонија нема утврдено цена на користење на водните ресурси во државата Република Македонија, или на користење на јагленот. Знаеме дека само за РЕК “Битола” се проценува над една милијарда евра резервите за јаглен. Значи, што ќе направи државта Република Македонија за утврдување во моментот цена на користење на природните богатства, за да можеме да знаеме која е таа почетна цена со која што се оди во користење на природните богатства, а понатаму и за продажба на хидроелектричните централи,

термоелектраните, а да не зборуваме која е цената на хидроелектричните централи бидејќи најголем дел од нив се нови или ревитализирани во нивното работење. Знаеме дека на 20 до 30 години се прават обновувања за да моожат да продолжат и понатаму да функционираат. Тоа значи многу малку се трошоците понатаму за одржување на хидроцентралите, а ги продаваме нови со некоја си утврдена цена на целиот хидроенергетски систем во државата околу 600 милиони евра. Значи ли тоа дека тоа е почетната цена, книговодствената вредност која што е утврдена и значи ли дека треба да биде почетна цена и имаме ли воопшто почетна цена под која што не смееме да одиме, под која не смееме да го продадеме Електростопанство на Република Македонија.

Понатаму, како ќе направиме продажба кога немаме направено пред се либерализација внатре во овој сектор, на пазарот на електрична енергија, кој што е еден од основните предуслови за успешна приватизација на Електростопанство на Македонија. Во моментот Електростопанство на Македонија функционира како монопол без никаква конкуренција, а конкуренцијата е движечката сила на пазарното стопанство, па затоа сега имаме ваква крутост и неинвентивност во Електростопанство на Македонија, затоа што нема борба на пазарот. Оттука произлегува да имаме големи загуби, кражба на електрична енергија и зошто, кога веќе размислува Владата дека има одредени проблеми, а проблемите се во дистрибуцијата, таму се кражбите, таму се загубите. Таму се најголемите загуби со кои што се соочува Електростопанство на Македонија, па зошто тогаш не се размислува за продажба само на овој дел, само на дистрибуцијата, бидејќи тука се најголемите загуби и нормално е државата да размислува да се растовари од загубите, затоа што не е во можност да ја наплаќа електричната енергија, не е во можност да ги контролира загубите, па нормално е да размислува за продажба на дистрибуцијата, а не онаму каде што имаме најевтина електрична енергија, каде што е производството, хидроелектраните.

Значи многу сериозно треба да се размисли пред да биде предложен моделот, бидејќи сеуште не знаеме кој е моделот. Заршно е тоа што беше кажано дека приватизација на 51%, вклучувајќи ги хидроелектраните и термоелектраните и дистрибуцијата и кажувањето дека нема да бидат заинтересирани инвеститорите доколку се продаде само дистрибуцијата, додека не биде ставен на продажба и другиот дел. Да чуеме од Владата кои се тие проблеми што таа ги има и зошто толку се брза во продажбата на Електростопанство на Македонија без да бидат донесени законите од оваа област, без да биде направена либерализацијата на пазарот, без да имаме ниту еден друг производител на електрична енергија кој што навистина ќе понуди електрична енергија на пазарот електрична енергија во Република Македонија и без да се создадат услови и други инвеститори да вложат во градење на капацитети кои што ќе бидат конкурентни, ќе направат пазар на електрична енергија во Република Македонија и на тој начин да се либерализира пазарот и да видиме каде стои нашето државно Електростопанство и на кој начин можеме да го преструктуираме да работи на пазарни услови.

Најжалосно е тоа што нема ниту програма за тоа како парите кои што мисли Владата да ги добие од приватизацијата на Електростопанство на Македонија ќе ги потроши. Дали ќе бидат потрошени за враќање на долгови, како што вообичаено се случуваше или пак ќе бидат потрошени во вложување на инвестиции кои ќе предизвикаат еден циклус на развој на економијата во Република Македонија, а со тоа и зголемување на вработувањата, за да знаеме дека овие пари ќе се оплодат и ќе донесат бенефит за сите граѓани во Република Македонија. Значи, ние немаме ниту еден посочен проект и да се каже од парите кои се предвидуваат да се добијат од приватизацијата на Електростопанство на Македонија, Владата на Република Македонија предвидува, значи прво минимум цена под која нема да се оди во продажбата и од таа минимум цена што се предвидува да се направи со цел да се поттикне развојот на целокупното стопанство во Република Македонија.

Немајќи ги сите овие одговори граѓаните на Република Македонија нормално е да тргнуваат со иницијативи за референдум се со цел да се стопира Владата во намерите кои што ги има, а кои во моментот воопшто не се јасни. Единствено во ваквите матни околности е тоа дека Владата сака набрзина да се стекне со пари од приватизацијата за да може да ги искористи за изборите наредната година.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски сакате ли реплика?

**Слободан Најдовски:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски можеме ли овде да ја затвориме расправата.

(И други пратеници бараат збор за реплика).

Ве молам, ова личи на личен дуел, а вчера се договоривме дека до 18,00 часот, кога ќе се јави последниот дискутант, а последен дискутант беше госпоѓа Бонева ќе завршиме.

Ве молам тука да ја затвориме распрапвата.

Господа, овде го заклучувам претресот.

Ве молам дали има доволно кворум да се гласа? (Нема).

Значи претресот е заклучен.

Денешната седница ја затварам, а дополнително ќе бидете известени за продолжението.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот).